НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ

за

СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

за Урбанистички план вон опфат со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи, на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град општина Струга

Скопје, февруари 2025

Slavica Biljarska Mircheski

Digitally signed by Slavica Biljarska Mircheski
Date: 2025.02.05 01:15:37+01'00'

Предмет	**Извештај за стратегиска оцена на животна средина**
Вид плански документ	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план**
Плански опфат	**КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга**
Технички број	**01-S-25**
Нарачател	**ОПШТИНА СТРУГА**
Изработил	**м-р Славица Биљарска Мирчески** **Дипл. инженер за заштита на животна средина** **Експерт за стратегиска оцена на животна средина**
Соработник	**Весна Струмениковска** **Дипл. инженер за заштита на животна средина**

Технички број: 01-S-25

На барање на нарачателот, ОПШТИНА СТРУГА (за потребите на инвеститорот), согласно Договорот, Славица Биљарска Мирчески, експерт за стратегиска оцена на животната средина подготви Извештај за стратегиска оцена за со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи, на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град општина Струга.

Изработката на извештајот е согласно обврската на изготвувачот на планскиот документ за спроведување на постапка за оцена на влијанието од планскиот документ врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, дадена во глава X (Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина) од Законот за животна средина. Согласно точка 13 (Планирање на просторот и користење на земјиштето), член 3 од Уредбата за стратегии, планови програми, вклучувајќи и нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи, на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град општина Струга, е плански документ за кој задолжително се врши стратегиска оцена на животната средина.

Целта на овој извештај е да изврши идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина од имплементацијата на предвидениот плански документ уште во фазата на неговата подготовка и да предвиди соодветни мерки за спречување и контрола на влијанијата.

Извештајот е изработен согласно содржината на извештајот пропишана во Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. весник на РМ бр.153/07).

Одговорен за изработката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е Славица Биљарска Мирчески, експерт за стратегиска оцена на животната средина (во прилог е дадена копија од потврдата за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина).

Славица Биљарска Мирчески,
дипл. инж. за заштита на животна средина

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-341/2
Датум: 03-02-2025 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Славица Љубомир Биљарска Мирчески родена на 19.12.1977 година во Струмица, дипломирала на ден 19.12.2008 на Универзитет „Св Кирил и Методиј" – Скопје, Машински факултет (интердисциплинарни студии по инженерство на животната средина), го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 28.03.2013 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Izet Mexhiti

М.П.

Содржина

1. ВОВЕД 6

2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ 10

2.1. Преглед на содржината на планскиот документ 10
2.2. Опис на планскиот документ 12
2.3. Главни цели на планскиот документ 25
2.4. Врска со други плански документи 26

3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА 28

3.1. Географска положба 28
3.2. Геолошки карактеристики 28
3.3. Климатски карактеристики 30
3.4. Биодиверзитет 31
3.5. Хидролошки карактеристики 32
3.6. Сообраќајна поврзаност 33
3.7. Комунална инфраструктура 34
3.8. Демографски карактеристики 35
3.9. Квалитет на амбиентален воздух 36
3.10. Квалитет на води 38
3.11. Управување со отпад 39

4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 40

5. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 41

6. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 44

6.1. Влијание врз население и човеково здравје 44
6.2. Влијанија врз социо- економска состојба 45
6.3. Влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух 46
6.4. Влијание врз квалитет на површински и подземни води 47
6.5. Влијание врз почва 48
6.6. Влијание поврзано со управување со отпад 49
6.7. Влијание од бучава 49
6.8. Влијание врз флора и фауна 50
6.9. Влијание врз предел 51
6.10. Влијание врз материјални добра 52
6.11. Влијание врз културно и историско наследство 52
6.12. Влијание од несреќи и хаварии 52
6.13. Прекугранично влијание 54

7. ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА 55
7.1. Мерки за намалување на влијанието врз население и човеково здравје 55
7.2. Мерки за намалување на влијанието врз социо- економска состојба 55
7.3. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на амбиентен воздух 56
7.4. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на површинските и подземните води 57
7.5. Мерки за намалување на влијанието врз почва 57
7.6. Мерки за намалување на влијанието поврзани со управување со отпад 58
7.7. Мерки за намалување на влијанието од бучава 58
7.8. Мерки за намалување на влијанието врз флора и фауна 59
7.9. Мерки за намалување на влијанието врз предел 59
7.10. Мерки за намалување на влијанието врз материјални придобивки 60
7.11. Мерки за намалување на влијанието врз културно и историско наследство 60
7.12. Мерки за намалување на влијанија од несреќи и хаварии 60
7.13. Мерки за намалување на прекугранични влијанија 65

8. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ 66

9. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 67

10. НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ 71

11. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА 76

12. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 77

Прилог 1: Мислење од МЖСПП за постапка за СОЖС 78

1. ВОВЕД

Стратегиска оцена на животната средина– дефиниција

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање, со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Стратегиската оцена претставува формална и систематска оцена на значајните влијанија врз животната средина кои би произлегле со имплементацијата на предвидениот планскиот документ врз животната средина, но пред носење на одлуката за негово усвојување. Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Подготовка на Извештај за стратегиска оцена, каде што значајните влијанија од планскиот документ се идентификувани и оценети;
- Консултации со засегната јавност, органот надлежен за работи од областа на животната средина и останатите органи засегнати со имплементацијата на планскиот документ;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на заклучоците од Извештајот и консултациите при финализирање на нацрт планскиот документ;
- Објавување на одлуката за усвојување на планскиот документ и како стратегиската оцена влијаела врз усвојувањето на документот.

Процесот на стратегиска оцена претставен по фази е даден на слика 1 подолу во текстот.

Определување на потреба за СОЖС

Основ:

- Дали планскиот документ го донесува орган на централната или локалната власт
- Дали планскиот документ се однесува на финансии, буџет, одбрана или за воена или вонредна состојба



Слика 1: Процедура на постапката на стратегиска оцена на животната средина



Слика 2: Постапка за утврдување на неопходноста од спроведување на стратегиска оцена (SEA) за плански документ кој го подготвува локалната управа

Придобивки

СОЖС има за цел да обезбеди рамка за дејствување врз процесот на одлучување уште во најрана фаза кога планските документи (кои пак најчесто предвидуваат индивидуални проекти) се подготвуваат.

Оваа постапка има задача да ги опфати кумулативните влијанија од индивидуалните проекти.

Подобрување на квалитетот на процесот на подготовка на плански документи:

- Олеснување на идентификацијата и оценката на алтернативи;
- Подигнување на јавната свест за влијанијата врз животната средина од планските документи, бидејќи секогаш не е возможно да се елиминираат негативните влијанија од одреден проект, оваа постапка помага во обезбедување на мерки за намалување на негативните влијанија што не може да се елиминираат;
- Поддршка при вклучувањето на мерливи таргети и индикатори, што ќе овозможи ефективен мониторинг на имплементацијата на планскиот документ.

Стратегиската оцена има за цел да обрне внимание и предупреди за големи и кумулативни ефекти од имплементацијата на планскиот документ, вклучувајќи го и влијанието од помалите индивидуални проекти вклучени со планот, а кои според својот праг не се опфатени со ОВЖС постапката.

ФАЗА	ПЛАН	СОВЖС
Првичен преглед	Подготовка на работни документи за значајните прашања	Доколку СОВЖС не е задолжителна, се прави преглед на значајните влијанија
Првични консултации со јавноста	Објавување на одлука за намера за подготовка на плански документ	Определување на обем и деталност на Извештајот
Подготовка на документација	Подготовка на нацрт плански документ	Подготовка на Извештај за стратегиска оцена
Консултации со јавноста	Јавен увид во планскиот документ	Јавен увид во Извештајот
	Јавна расправа	Јавна расправа
	Разгледување на забелешките	Идентификација на значајни забелешки
	Подготовка на извештај за јавната расправа и објава	Подготовка на извештај за јавната расправа и објава
Консултации со надлежен орган	Земање предвид на сите пристигнати забелешки	Оценка на соодветноста на Извештајот
Комплетирање на процесот	Усвојување на планскиот документ и објавување на одлука	Објавување
Пост- фаза	Имплементација	Мониторинг на имплементацијата на планскиот документ

Табела 1: Преглед на активностите по процедура (подготовка на плански документ/ СОЖС)

2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

2.1. Преглед на содржината на планскиот документ

Според Законот за урбанистичко планирање задолжителна е изработка на просторни и урбанистички планови со цел да се обезбеди порамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, како и мрежата на инфраструктура, услови за хумано живеење и работа на граѓаните. Исто така се предвидуваат мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки непогоди. Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) создадени се услови за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со кој може да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела за градби кои се утврдени со Закон како градби од трета, четврта и петта категорија.

Просторното и урбанистичко планирање претставува континуиран процес усогласен со развојната и економска политика на Република Северна Македонија.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга. (УП) се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23) како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Согласно член 59, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), урбанистичкиот проект е планско- проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- Семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, (УП) е изготвен врз основа на:

- Услови за планирање на просторот за изработка на генерален урбанистички план на град Струга, општина Струга изработени од Агенција за планирање на просторот со тех бр.Y 13118i и
- Решение бр. УП 1-15 1558/2018 од 27.11.2018 година од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Пристапот, содржината и методот на работа на УП вон опфат се базира на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

УП вон опфат на урбанистички план ја има следната содржина:

А. Текстуален дел: Документациона основа

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина
3. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат
4. Природни чинители на опфатот
5. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат
6. Инвентаризација на изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
7. Билансни показатели
8. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменични целини, културни предели
9. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
10. Анализа на можностите за просторен развој

Б. Текстуален дел: Планска документација

1. Проектна програма
2. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој
    2.1. Опис на основната класа на намена на градбите во градежната парцела
    2.2. Нумерички показатели на градбите на градежните парцели
    2.3. Сообраќај
    2.4. Озеленување
    2.5. Основни водови на инфраструктурата
        2.5.1. Водоснабдување
        2.5.2. Фекална канализациона мрежа
        2.5.3. Атмосферска канализациона мрежа
        2.5.4. Електроенергетска инфраструктура
        2.5.5. Телекомуникациска инфраструктура
3. Детални услови за проектирање и градење
    3.1. Градежна парцела
    3.2. Наменска употреба на земјиштето во граници на проектниот опфат
    3.3. Други посебни услови
4. Мерки за заштита
    4.1. Мерки за заштита на културно наследство, конзерваторски основи
    4.2. Заштита на животна средина
        4.2.1. Мерки за заштита на водата
        4.2.2. Мерки за заштита на почвата
        4.2.3. Мерки за управување со отпад
        4.2.4. Мерки за заштита од бучава
    4.3. Мерки за заштита и спасување
    4.4. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност

В. Графички дел: Документациона основа

1. Решение за услови за планирање на просторот

2. Услови за планирање на просторот

Г. Графички дел: Планска документација

1.	Ажурирана геодетска подлога до граници на проектен опфат	1:1000
2.	Наменски план	1:1000
3.	Урбанистичко решение на градежните парцели	1:1000

Досегашниот просторен развиток на општина Струга го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои општината ги поседува, а кои се откриени, анализирани и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:

- Анализа на природните погодности и ограничувања за идниот просторен развиток на општината, а особено во областите: домување, индустрија, сообраќај и сообраќајна инфраструктура, комуналната инфраструктура, како и просторите и објектите за одмор и рекреација на граѓаните.
- Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општината. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби.
- Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период.
- Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката. Дефинирање на намената на земјиштето потребно за идниот развој во сите области на животот во населените места на целата општина.
- Концепт на идниот развој на општината со основни параметри во планирањето.
- Методолошкиот пристап кон изработката на УП вон опфат на урбанистички план треба да обезбеди логична и рационална долгорочна развојна проекција за планскиот опфат, на целиот простор на општината Струга, со примена на современи концепти и методи, а процесот на планирањето од подготвителните работи до дефинирање на планот се води во следните етапи:
  - ✓ Дефинирање на целите на идниот развој;
  - ✓ Утврдување на основните проблеми во досегашниот развој;
  - ✓ Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот;
  - ✓ Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката.


2.2. Опис на планскиот документ

Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- Семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1 - КО Мислешево вон град, општина Струга, во графичкиот дел од планската документација е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, кои може да се отчитаат на

дигитализирана векторизирана подлога врз која се изработени графичките прилози. Предметниот проектен опфат е со површина од 9727.72м²=0,97ха .

Проектниот опфат е даден табеларно со детални точки со координати во X и Y правец.

	X	Y
1	7500679.52	4637104.56
2	7500708.64	4637145.57
3	7500652.12	4637174.71
4	7500633.70	4637164.29
5	7500630.96	4637152.12
6	7500632.72	4637144.40
7	7500640.37	4637128.13
8	7500645.69	4637123.47
9	7500653.67	4637116.53



Слика 3: Граница на плански опфат

Проектниот концепт е поставен врз основа анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој и Проектната програма. Проектниот концепт е во директна зависност од големината на проектниот опфат, природните фактори, конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот.
Просторот нема посебни пејзажни вредности и претставува благобрдовит терен. Целта е да се создадат услови за изградба на семејни куќи за времен престој- викенд куќа, согласно потребите на сопственикот и стандардите за урбанистичко планирање.


Во рамките на проектен опфат се оформува 1 градежна парцела и тоа:

– Градежна парцела 1 со поединечна класа на намена на градбата А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи.

За градбите со поединечна класа на намена А4.3- викенд куќи и други објекти за времено сместување, предвидени се и компатибилни класи на намена на основната класа на намена, согласно член 81 став 4 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и тоа: Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности, Б1.5- Ресторани, кантини, кафеани, ќебапчилници и сендвичари, Б2.2- амбуланти од општа медицина и стоматологија,лаборатории и други од примарна здравствена заштита со најмногу 40% од основната класа на намена.

Согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029), градежните парцели се наоѓа во заштитна зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) и за таа цел задолжително да се испочитуваат мерките заедни во општите услови.

Една од основните стратешки цели на Република Северна Македонија е доследно изградување на отворено стопанство, со вклучување во современите текови и форми на меѓународно ниво и формирање на регионална поделба на трудот. Барањето на нови форми за развој ќе придонесе за заживување на економскиот циклус, создавање на претпоставки за подобрување на просторната рамнотежа во развојот, стимулирање на директни странски инвестиции, зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија и запазување на дефинираните еколошки стандарди.



Слика 4: Синтезен план

Сегашниот период е карактеристичен со зголемен интерес за градба на објекти во индивидуална, приватна сопственост, со максимална површина за изградба и можност за максимална катна височина.

Инвентаризација на изграден градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:

- директен увид на теренот, и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

Постојната намената на просторот кој е предмет на овој УП е неизградено земјиште.

Предметниот плански опфат е со површина од 0,97ха.



Слика 5: Ситуација со широк опфат

<u>Намена на просторот и градежен фонд</u>
Во овој УП е планирана следната наменска употреба на земјиштето:
А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи.

Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно- историско значење и културни предели

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните средини и ридско- планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето на катастарската општина кое е предмет на анализа нема културно наследство.

Во Археолошката карта на Република Северна Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, нема евидентирани локалитети.

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и Сл. весник на РСМ бр. 111/23) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Според Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029), проектниот опфат се наоѓа во заштитна зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата).

Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура


Сообраќај

Селото Мислешево се наоѓа во југо- западниот дел од Северна Македонија, а територијално припаѓа во општина Струга. Се простира во јужниот дел на општината и преку магистралниот пат М4 (Требениште- Струга- граница со Албанија (Ќафасан)) се поврзува со целата патна мрежа на државата.

Пристапот на планираниот опфат е од западната страна преку пристапниот пат во селото кој преку селото во јужната страна се поврзува регионалниот пат Р1208Охрид (врска со Р1301) – Подмоље (врска со А3)– Струга- Радожда.

Проектниот опфат во југозападен правец граничи со постојниот општински пат кој понатаму се поврзува со селото Стенче, а понатаму со целата патна мрежа.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела согласно член 134, став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), согласно кој за градбите со класа на намена А4- времено сместување потребно е за секој објект 1 паркинг место односно 30 паркинг места.



Слика 6: Сообраќајници

Водоводна и канализациона мрежа

Во рамките на проектен опфат не постои реализирана водоводна мрежа, но во непосредна близина е селската водоводна мрежа.

Водоснабдување

За просторот кој е предмет на овој УП, МЈП Проаква- Струга, нема доставено податоци и информации. Од увидот на лице место констатирано е дека во непосредна близина е селската водоводна мрежа на која е планиран приклучок, но дополнително во рамки на градежната парцела е испланиран и бунар кој ќе служи за техничка вода.

Фекална канализација

Фекалната канализациона мрежа не постои и затоа е испланирана водонепропусна септичка јама. Сè до реализација на планираната канализациона мрежа за приклучок кон главниот колектор на Охридското Езеро во ревизона шахта на потегот с. Мислешево- Струга, ПС Струга 3, ќе се користи септичка јама.

Атмосферска канализација

Атмосферска канализациона мрежа не постои и затоа поради конфигурацијата на теренот водата се планира да биде зафатена со одводни канали од кои ќе биде одведена во нивите.

Електрика

Согласно дописот со бр. 10-23/7-215 од 06-06-2024 година од Електродистрибуција ДООЕЛ-Скопје во границите на проектниот опфат не постојат електроенергетски инсталации.

Од добиените податоци и од увидот на лице место, покрај предметниот опфат не поминува електроенергетска инфраструктура ,но во непосредна близина има електроенергаетска мрежа од селото и приклучокот се планира кон истата.

Телекомуникациска инфраструктура

Согласно дописот бр.62722 од 11.06.2024 година од Македонски Телеком АД– Скопје во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот куќа-телефон, а за јавните содржини се определува според нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл.

Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со Македонски Телеком АД- Скопје, работна единица- Струга.

Гасоводна инфраструктура

Согласно дописот од НОМАГАС со бр.08-3141/2 од 07.06.2024 година на наведениот проектен опфат не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Озеленување

Во графичкиот дел од УП е прикажана површината за градење ограничена со градежни линии во која може да се гради градбата, а останатиот дел од градежната парцела да се уреди хортикултурно со зелени површини (тревнати површини со ниско и високо зеленило). Процентот на озеленетост изнесува 20% од градежната парцела согласно Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18 и Сл. весник на РСМ бр.42/20), член 20 и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) член 171.

Анализа на можности за просторен развој

Согласно Просторниот план на Р Македонија развојот на урбанистичкиот план вон населено место, подрачјата треба да се насочат кон:

- Обезбедување на услови за ефикасно сообраќајно поврзување, планско уредување и екипирање на селските населби со елементи на комунална инфраструктура и неопходни функционални содржини;
- Порационална организација на населбите врз основа на дефинирање на специфичните развојни потреби;
- Стимулирање на целта за задржување на населението во матичната средина преку афирмација на најбитните аспекти на живеењето и стопанисувањето, компаративните погодности за развој и неопходна социјална и економска сигурност;
- Зголемување на нивото на економската и социјалната загриженост, со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и истражување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност;
- Запазување и афирмирање на културните и природните особености и вредности и квалитетот на животната средина;

Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори и вклопувањето на предвидените објекти во тој амбиент дава можност за добар просторен развој на општина Струга.

Заклучок од аналитичко- истражувачкиот дел

Како резултат на аналитичко истражувачкиот процес на постојната состојба, констатирано е следното:

- вкупна површина на предметниот плански опфат изнесува 0,54ха.

Просторот во предметниот плански опфат е земјиште делумно градежно изградено.

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- потребно е усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Можности за просторен развој

Според заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките од планските документи, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- рационално искористување на градежното земјиште;
- дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;
- решавање на сообраќајот и сообраќајот во мирување (паркирање).

Урбанистичкиот проект вон урбанистички опфат со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објект).

Извод од план од повисоко ниво

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- Семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево винград, општина Струга. (УП) се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23) како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Согласно член 59,став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), урбанистичкиот проект е планско- проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- Семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вонград, општина Струга, (УП) е изготвен врз основа на:

- Услови за планирање на просторот за изработка на генерален урбанистички план на град Струга, општина Струга изработени од Агенција за планирање на просторот со тех бр.Y 13118i и
- Решение бр. УП 1-15 1558/2018 од 27.11.2018 година од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Основни определби на просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко- економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодности те за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина.

Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Опис и образложение на планскиот концепт на просторниот развој

Во рамките на проектниот опфат се планира една градежна парцела и тоа:

Градежна парцела 1.1 со група на класа на намена
А4.3- Семејни куќи за времен престој- викенд куќи

Во оваа градежна парцела испланирани се 30 градби,сите со иста намена
А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување.

Објект 1 - Со површина за градење од 80,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 200,00м²;
Објект 2 - Со површина за градење од 65,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 164.38м²;
Објект 3 - Со површина за градење од 69,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 174.38м²;
Објект 4 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 5 - Со површина за градење од 90,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 225.00 м²;
Објект 6 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 7 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 8 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 9 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88 м²;
Објект 10 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 11- Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 12 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 13 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 14 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88 м²;
Објект 15 - Со површина за градење од 96,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 241.88м²;
Објект 16 - Со површина за градење од 126,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 315.00м²;
Објект 17 - Со површина за градење од 126,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 315,00м²;
Објект 18 - Со површина за градење од 126,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 315,00м²;
Објект 19 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 20 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 21 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;

Објект 22 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 23 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 24 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 25 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 26 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 27 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 28 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 29 - Со површина за градење од 72,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 180,00м²;
Објект 30 - Со површина за градење од 71,75м², вкупна етажна површина за градење со површина од 179,38м²;
Објект 31-Трафостаница - Со површина за градење од 20,00м², вкупна етажна површина за градење со површина од 20,00м².

Сите објекти имаат максимален број на станови од П+2 и висина 10,20м.
Вкупниот процент на изграденост за градежна парцела е 22,41% и коефициент на искористеност од 0,56.

Согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029), градежната парцела се наоѓа во заштитна зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) и за таа цел задолжително да се испочитуваат мерките заедни во општите услови.

Максимална височина на нулта плоча во однос на котата на тротоарот: 1,20 м за намена – домување во приземјето, односно 30см за останатите компатибилни намени.
Потребниот број на паркинг места да се обезбедат во рамките на градежната парцела согласно член 134,став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), согласно кој за градбите со класа на намена А4- времено сместување потребно е 1 паркинг место на 8 легла,што во случајот се 2 паркинг места во парцела.
Колскиот пристап во градежната парцела е од „Пристапен пат “.
Согласно Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18 и Сл. весник на РСМ бр.42/20) член 20 и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) член 171, потребно е да се обезбеди 20% од вкупната површина на градежната парцела за зеленило.

Економско образложение
Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО

Мислешево вон град, општина Струга, ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на земјиштето за изградба на објектот и партерно уредување.

Планот предвидува 9727,72м² вкупно изградена површина, која е со намена:
А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи

Во споредба со постојната површина се гледа дека во планското решение имаме поголема искористеност на земјиштето со што се добива повеќе комуналии за општината, а со уредувањето на комуналниот систем ќе се овозможи поголем квалитет, односно повисок стандард на живеење за жителите во непосредната околина и пошироко, за општината Струга.

Општи услови за изградба
Условите и графичките прилози се составен проектот и имаат правни дејности само врз градителска активност која ќе следи по усвојување на Урбанистичкиот проект.

Условите се применуваат во рамките на утврдената граница на проектниот опфат, и се однесуваат на урбан дел и градежна парцела.

Во табеларниот приказ што е составен дел на проектот, прикажани се градежните парцели кои се дефинирана со сите потребни урбанистички параметри:
- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (м²);
- површина за градење (м²);
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (м²);
- коефициент на искористеност (К);
- намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на градбата (м');
- максимален број на катови;
- потребен број на паркинг места.

Со проектот се одредени следните услови:
- облик и големина на градежна парцела (м²);
- градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
- површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (м²);
- коефициент на искористеност (к);
- намена на објектот;
- максимална висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови.

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Димензионирањето на паркинг места да биде во согласност со потребните на инвеститорот. Предвидени се две места за паркирање во рамките на локацијата за лесни возила, тешките товарни возила не се задржуваат во локацијата.

Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за спроведувањето на планот.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

Доколку при реализација на УП потребни се одредени измени на идејниот проект или е потребно усогласување на идејниот проект со Закон за градење, се изработува нов идеен проект во согласност со урбанистичките проекти од овој УП и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

Нумерички показатели

број на градежна парцела	класа на намена на градбите	нумерација на градбите	површинана на ГП (м²)	Р(м²) за градење	вкупна етажна површина за градење (м²)	максимална висина	максимален број на спратови	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	планиран број на паркинг места	површина на зеленило (%)	кота на нулта плоча (м.н.в.)
1.1	А4.3-семејни куќи за времен престој-викенд куќи	Објект	9727,72	80,00	200,0	10.20 м	П+2	22,41	0,56	1	20	694,72
		Објект		65,75	164,3					1		
		Објект		69,75	174,3					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		90,00	225,0					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		96,75	241,8					1		
		Објект		96,75	241,8					1		

		Објект		96,75	241,8				1		
		Објект		96,75	241,8				1		
		Објект		96,75	241,8				1		
		Објект		126,0	315,0				1		
		Објект		126,0	315,0				1		
		Објект		126,0	315,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		72,00	180,0				1		
		Објект		71,75	179,3				1		

2.3. Главни цели на планскиот документ

Планот, кој е основен развоен документ, има крајна цел да ги утврди планско- проектните и посебните услови, кои се потребни за изработка на понатамошна техничка документација потребна за реализација на предвидените намени, кои се основа за издавање на локациски услови. При тоа потребно е:

- запазување на основните планерски поставки дадени во Просторниот план на Република Македонија;
- рационално искористување на просторот;
- при организација и користење на просторот, решението да овозможува поголема атрактивност на просторот;
- сообраќајно поврзување;
- вградување заштитни мерки;
- запазување на потребите за локалната самоуправа– општина Струга.

Урбанистичкиот план, кој е основен развоен документ, ги има следните цели:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување амбиентални целини;
- почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- почитување и надградување на пејзажните вредности;

- оформување културен пејзаж;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство;
- вградување заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- предвидување мерки за заштита и спасување.

Преку нивно достигнување, има крајна цел да ги даде општите и посебните услови за градење како и насоките за изработка на архитектонско- урбанистички проект за градбите за специфична наменска употреба на земјиштето, на градежна парцела посебно, и да ги утврди параметрите за изработка на идејните проекти за инфраструктурата.

Исто така, во опфатениот плански опфат, предвидени се одредени површини за: стоваришта, сообраќајници, заштитно зеленило и др.

2.4. Врска со други плански документи

Континуираниот процес при кој се изработуваат, донесуваат и спроведуваат просторни и урбанистички планови, со цел уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата, се нарекува просторно и урбанистичко планирање.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга е во корелација со следните документи:

- Просторен план на Република Македонија 2002-2020 година;
- Вториот Национален еколошки акционен план на РМ (НЕАП II, 2006);
- Национална стратегија за одржлив развој, 2009;
- Стратегија за управување со отпад во Република Македонија 2008-2020;
- Националниот План за управување со отпад, 2009-2015;
- Стратегија за мониторинг на животната средина 2004;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2003.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- Семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, (УП) е изготвен врз основа на:

– Услови за планирање на просторот за изработка на генерален урбанистички план на град Струга, општина Струга изработени од Агенција за планирање на просторот со тех бр.Y 13118i и
– Решение бр. УП 1-15 1558/2018 од 27.11.2018 година од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Потребно е сите активности да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Потребно е да се води, меѓу другото, и единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимизација во користењето на просторот, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Изготвувањето на Просторниот план на Република Македонија има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планското насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот на Републиката. При тоа дадени се повеќе поставки, мерки и инструменти и се дефинира политиката, поточно се дефинира во кои ситуации и на кој начин поставките, мерките и инструментите ќе бидат применувани.

Процентот на изграденост на локациите ќе биде во согласност со законската регулатива и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.


Основни критериуми вградени во урбанистичкиот концепт на УП се:

- рационалност и економичност на решенијата од аспект на оптимално користење земјиштето и условите што тоа ги дава;
- почитување на постојните парцели и сопственост;
- усогласување на потребите на инвеститорот со можностите што ги дава согледаната состојба на теренот.

3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

3.1. Географска положба

На крајниот југо- запад од Република Северна Македонија се протега Охридско- Струшката котлина, сместена помеѓу планините Јабланица, Беличка Планина и Мокра на запад; Галичица, Петрина, Плаќенска и Илиенска Планина на исток; Стогово и нејзиниот огранок Караорман на север и ридчестиот предел Гора на југ. Котлината зафаќа површина од 103.407ха. Струга се наоѓа на 698 метри надморска височина.



Слика 7: Местоположба во однос на останатите општини

3.2. Геолошки карактеристики

Сместена е во подножјето на планината Јабланица, во Охридско- Струшката котлина, на северниот брег од Охридското Езеро, непосредно на местото каде се излива реката Црн Дрим од Охридското езеро. Се смета дека уште од старо време постоела мала населба под името Енхалон, од старо грчкиот збор што во превод значи јагула. Подоцна населбата го добива името Струга, што значи речен ракав, притока и тоа на место за риболов.


Струшката општина зафаќа површина од 5073ха или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото т.е. половина од вкупната површина на котлината. На оваа површина се наоѓа градот Струга и 50 населени места (Мислешево, Драслајца, Мороишта, Ложани, Бицево, Врaништа, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Мали Влај, Радолишта, Радожда, Франгово, Шум, Октиси, Вишни, Горна Белица, Дренок, Модрич, Глобочица, Луково, Нерези, Безево, Јабланица, Лакаица, Прискупштина, Буринец, Збжди, Локов, Присовјани, Р'жаново, Селци, Брчево, Богојци, Тоска, Делогожди, Корошишта, Ливада, Мислодежда, Ново Село, Поум,

Цепин, Боровец, Лабуништа, Подгорци, Ташмаруништа, Велешта, Горно Татеши, Долно Татеши, Добовјани).

Охридското подрачје ја преживеало езерската фаза. Езерскиот басен во намален обем се задржал и до денеска. Иако со спласнувањето езерото е доста намалено се уште е во полн живот. Причина за тоа е тонењето на гребенот што продолжува и денеска, а со што може да се објасни големата длабочина на езерото (286 м) поради што е едно од најдлабоките езера во Европа.

Релјефните карактеристики влијаат врз територијалниот распоред на населбите, содржините и дејностите во нив, проектирањето на сообраќајниците, распоредот на пејзажот, размественоста на растителните заедници, па затоа при планирањето на просторот треба да се има предвид значењето на релјефот во целина.

Територијата на Струшко- Охридскиот регион по своите сеизмички геолошки и инженерско геолошки својства е доста хетерогена. Таа се наоѓа во зоната на активно дејство на земјотреси. Крајбрежниот простор на Охридската котлина е во состав на сеизмичка активност на регионалниот расед на западната падина на Галичица, како и на сеизмички дејства од локалните и подалечните епицентрални жаришта (Преспа, Битола, Кичево, Елбасан-Либражди, Берти, Корча и др.) кои имаат влијание на овој простор, со интензитет на земјотреси од 7-9° по МЦС скала. Крајбрежниот простор е сеизмички најактивен во јужниот дел, а ослабува кон север. Максималниот интензитет изнесува 9° за југозападниот и 8° по МЦС за источниот и североисточниот дел. Во склоп на овој сеизмички регион зоната на езерото се карактеризира со појава на силни и слаби земјотреси со сопствено локално жариште.



Слика 8: Сеизмичка карта

Според извршените пресметки и макро сеизмичката реонизација се претпоставува дека во овој простор можни се земјотреси со максимален интензитет од 10° во југоисточниот и 9° по МЦС скалата во источниот и североисточниот крајбрежен дел, поради што се препорачува при планирањето на градежните активности да се предвиди соодветна сеизмичка заштита.

3.3. Климатски карактеристики

Според географската положба на Струга, климата, односно температурите, можеме слободно да кажеме дека Струга има суптропска клима, но влијание има со своите воздушни струи и континенталната клима.

Заокружена со планински предели на запад се наоѓа Јабланица, на северо- исток Караорман и на југо- исток Галичица, како и отвореноста на Струшкото Поле по долината на реката Црни Дрим и Сатеска кон север, условиле пониски годишни температури.

Максималните воздушни температури во месеците јули и август можат да варираат од 28°C - 33°C. Во летната сезона, односно месеците јули и август, температурата на водата може да достигне дури 26,4°C од 25°C.

Просечниот број на денови со летна температура на воздухот повисока и на површинскиот дел на водата од езерото од 20°, изнесува од 73-78 денови, со најголем интензитет во јули и август. Во зимскиот период од годината средно месечните температури се над нулата.

Во планинските делови над 1600 м.н.в температурите пониски од 0 степени започнуваат од декември до крајот на март.

Инсолацијата во Струга и струшкиот регион е мошне висока. Во различните годишни периоди Струга има различен сончев сјај. Така на пример, од месец декември до месец август сончевиот сјај е подолг, а обратно е од месец август до месец декември. Во месеците јули и август просечната инсолација стигнува од 10 до 12 часа, со што позитивно влијае во општата клима на градот Струга. Статистичките податоци покажуваат дека во Струга и струшката котлина облачноста е најголема во декември и изнесува до 7,2 часа, а најмала во август кога се спушта 1,4 часа. Врнежите од дожд во Струшката котлина се сиромашни. Просечната количина на дожд изнесува 600-700 мм, а на околните планини достигнува од 2000-2500 мм дожд. Тој пример е планината Јабланица. Во струшката котлина годишно има 96 врнежливи денови во годината, со минимум на летните месеци.

Географската положба на Струга, отвореноста на струшката котлина, планините околу градот како и близината на езерото, овозможуваат во Струга да дува ветар од сите страни. Ветровите се делат на постојани и локални. Во постојаните ветрови спаѓаат ветровите што доаѓаат од југ и од север. Ветровите од север обично доаѓаат по долината од реката Црн Дрим и носат свежина, ги има низ целиот период на годината, но најчесто во зима. Јужниот ветер дува обично во март и април, а поретко во мај. Јужниот ветер е погоден за лов на јагула, плашици, грунец. Локалните ветрови се производ на нееднаквото загревање на копното и езерската

водена маса. Карактеристичен ветер за Охридското Езеро е ветерот Стрмец. Доаѓа од околните планини и затоа е студен, дува преку цела ноќ до изгрејсонце со тивок ветер и полн бран.

Анализата на климатските сценарија покажува дека средногодишната температурата во оваа рефугијална зона за 50 години ќе се покачи во просек за 2,0°C. При тоа зимските температури ќе се зголемат речиси исто како просекот (2,0 за 50 години), што важи и за летните сезони. Годишните суми на врнежи ќе се намалат за 3% (50 години). При тоа врнежите ќе се намалат само во тек на летната, пролетната и есенската сезона, додека зимските врнежи ќе се зголемат. Врнежите во југозападниот регион нема да се намалат значително како во централните и јужните делови на Македонија. Овој регион се карактеризира и со најмали температурни промени во однос на цела Македонија, што укажува на значењето на езерата во регулирање на температурата во регионот.

Климатските прилики, поради присуството на Охридското и Преспанското Езеро, како и клисурата на Црн Дрим се прилично константни. Под влијание на регионалните климатски промени во Охридско- преспанската рефугијална зона ќе настанат значителни промени во вертикалниот градиент на фауната со различна биогеографска припадност. При тоа, најголеми поместувања се очекуваат во однос на медитеранската фауна, која ќе изврши силен продор на терените со помала надморска височина.

3.4. Биодиверзитет


На подрачјето на општина Струга, шумскиот фонд е застапен на релативно големи површини. Вкупната дрвна маса на шумите во општина Струга се проценува на 1.962160м^3, со вкупен годишен прираст од 38947м^3. ЈП Македонски Шуми- ШС Јабланица стопанисува со вкупно површина од 23787ха, од кои 21511ха или околу 90,5% се наоѓаат во државна сопственост, додека 2276ха или 9,5% се во приватна сопственост. Во однос на квалитетот, околу 30,4% од шумите со кои стопанисува ШС Јабланица- Струга се високостеблести, а 69,9% се нискостеблести. Според намената 100% од шумите се од стопански карактер.

Охридското Езеро претставува голем потенцијал за развој на риболовот во општината, но неконтролираниот лов во минатото доведе до драстично намалување на рибниот фонд од бели риби (пастрмка, белвица) и јагула кои претставуваат главен улов од езерото. Во сила е забрана за лов на овие риби, но и покрај забраната овие риби се ловат од езерото. Бројот на регистрирани риболовци изнесува околу 30, но бројот на лица кои ловат риба без дозвола е многу поголем. Реката Сатеска постојано донесува мил и наслаги кои се таложат и ги загрозуваат мрестилиштата од пастрмката на Струшкиот дел на езерото со што придонесува за нејзино повлекување и исчезнување од овој дел на Езерото. Покрај пастрмката во езерото егзистираат ис крапот, плашицата, мренката, кленот, грунецот, скобусот и др.

Во општина Струга функционира и вештачко мрестилиште за пастрмка кое се наѓа во селото Шум. За риболовот карактеристични се и регионите по текот на реката Црни Дрим и Глобочичкото Езеро. На територија од општина Струга има со 4 ловишта кои се протегаат на

површина од околу 35000 ха. Дивеч кој најчесто се среќава е дивата свиња и прелетниот дивеч, а исто така има и мечка, срна и рис кои сезаштитени со закон и се забранети за лов. Во рамките на ловиштата функционира и репроцентар кој е солидна база за обнова на ловниот фонд. Стопанисувањето на ловиштата е дадено под концесија.

Како резултат на флуктуациите на нивото на водата, може да се видат само фрагменти од флотантната макрофитска вегетација. Сепак, негативните последици по биодиверзитетот во езерото, а особено во околните блата и мочуришта се антропогено предизвикани. Така на пример, за време на големата суша, Охридското Езеро не покажа значаен пад а нивото како Преспанското и Дојранското. Напротив, блатата се мелиорираат или уништуваат за изградба на населби или туристички објекти од страна на човекот.



Слика 9: Национална Емералд мрежа

Предметната локација се наоѓа надвор од населено место, на локација која нема посебни биолошки карактеристики.

3.5. Хидролошки карактеристики

На територијата на Охридско- Струшката котлина се среќаваат повеќе видови води. Едни се подземни води, извори и врутоци, други протечни води, а трети природни (тектонски и леднички) и вештачки езера.

Охридското Езеро е сместено во Охридската Котлина меѓу варовитата Галичица на исток и Јабланичка и Мокра Планина на запад. Денешнато ниво на езерото се наоѓа на 695 надморска височина, односно пониско од првобитното за 265 метри. Езерото има издолжена форма.

Најдолго е во правец север- југ, од Струга до Св. Наум. Околу 40% од површината на дното на езерото се наоѓа под 200м длабочина.

Езерото се снабдува со вода преку подземните канали низ Галичица од водите на Преспанско Езеро. Најбројните и најбогатите извори (околу 80 извори) се наоѓаат меѓу Св. Наум Р С Македонија и Тушемишта, Р Албанија, на должина од 5км.

Во басенот на Охридското Езеро има околу 50 милијарди $м^3$ вода, а езерото има површина од 348$км^2$.

Реката Црн Дрим е единствениот истек на Езерото. Црн Дрим е регулатор на нивото на водата во езерото. Во долината на Охридско Езеро има две вештачки езера: Глобочица и Дебарско езеро.

Од другите хидрографски ресурси поголемо значење имаат: Црн Дрим, Сатеска, Глобочичкото Езеро, Глацијалните езера на планината Јабланица, Горно Беличките и Вевчанските извори и врелото Шум.



Слика 10: Хидролошки карактеристики на Р С Македонија

3.6. Сообраќајна поврзаност

Иако опколена со високи планини, Струга, односно Охридско- Струшката котлина е добро поврзана со соседните области и воедно добро пристапна.

Од Скопје до Струга може да се пристигне преку Кичево и преку Битола- Ресен- Охрид на северо- запад сообраќајно поврзана со Дебарската Котлина. На запад преку превалецот Ќафасан и долината на Шкумба е поврзана со Албанија. Во близина на општина Струга се наоѓа и Интернационален аеродром.

Струга се наоѓа во југо- западниот дел на Република Македонија и е поврзана со сообраќајниот систем на државата преку развиен систем на патни мрежи. Општината е поврзана со патните правци кон внатрешноста со Охрид, Дебар и кон Р. Албанија граничниот премин Ќафасан. Сите селски населби се поврзани со градот, поголемиот дел се со асфалтирани локални патишта, а останатите се неасфалтирани земјени патишта (Малесија и Дримкол). Градежните зафати се изведени пред подолг временски период и истите се со недоволна ширина на коловозот и во голема мера оштетени.



Слика 11: Патна мрежа на Р С Македонија

3.7. Комунална инфраструктура

На територијата на општина Струга има една ХЕЦ Глобочица која е составен дел на Акционерско Друштво за производство на електрична енергија во државна сопственост Електрани на Македонија Скопје.

Основна дејност на подружницата е производство на електрична енергија. ХЕЦ Глобочица е изградена во периодот 1961-1965 година и ги користи водите од сливот на реката Црн Дрим преку акумулацијата Глобочица. Машинската зграда во која се сместени агрегатите, командната просторија, помошните погони и разводните постројки се наоѓа на околу 30 км од Струга.

Водоснабдувањето на граѓаните на општина Струга, одведувањето на урбаните и индустриските води и пречистување на тие води во пречистителна станица за отпадни води ги врши меѓуопштинското Јавно Претпријатие Проаква.

Вкупната должина на водоводната мрежа изнесува 120.000м и 8 резервоари со вкупна запремнина од 2.210м^3.

Снабдувањето со вода се врши со зафаќање на повеќе извори сместени во пазувите на планината Јабланица. Овие извори располагаат со здрава и квалитетна вода за пиење.
За санитарната исправност на водата се грижи екипа на Проаква која врши перманентна дезинфекција на водата со гасовит и течен хлор.

Контрола на исправноста на водата за пиење врши Републичкиот завод за здравствена заштита од Охрид.

Отпадните води кои се создаваат во домаќинствата и индустријата со секундарни канализациони мрежи се испуштаат во примарниот колектор и доаѓаат во пречистителна станица за отпадни води каде се прочистуваат до одреден степен и се испуштаат во реката Црн Дрим. На подрачјето на општина Струга има една збирна пречистителна станица и шест пумпни станици во вкупна мрежа од 14 км. Со колекторскиот систем не е покриен само потегот од населбата Елен Камен до село Радожда. Збирната пречистителна станицата може да прифати и опслужи 40 000м^3 вода на ден. Со примарниот колектор во пречистителната станица за отпадни води се транспортираат 941566м^3 отпадни води годишно. Квалитетот на испуштените води се следи во лабораторија сместена на пречистителната станица и одговара на стандардите пропишани од Европската Унија за квалитет на пречистени отпадни води кои се испуштаат во природни водотеци. Вкупната должина на канализационата мрежа изнесува 1.268.553м^3. Со канализација се одведуваат 872950м^3 годишно или 55,6% од пласираната вода и тоа на претпријатија 297562м^3, а на домаќинствата 575389м^3.


3.8. Демографски карактеристики

Според податоците од Пописот на население спроведен 2002 година, во општина Струга имало 63376 жители. Стапката на наталитетот во 2004 година е 10,2% (на 1000 жители), а стапката на општиот морталитет изнесува7,5% (на 1000 жители). Природниот прираст во бројка е 101, во промили е 2,7.Со овие податоци општината е под просекот на Републиката.

Миграционото салдо во 2004 година е 6. Притоа, како доселени се регистрирани вкупно 223 лица, од кои 152 се доселени граѓани во рамки на РМ. Карактеристично е дека од вкупно отселените граѓани најголем број (113) се од женски пол, а најчестите причини за преселување се склучувањето брак.

Структурата по пол за општина Струга е 31743 (50%) жени и 31633 (50%) мажи.

Просечната старост на населението, според Пописот од 2002 година, изнесува 33,1 години. Учеството на младо население до 20 годишна возраст изнесува 36,2%, најголемо учество во вкупното население има населението со старост под 40 години 67,2%, додека процентот на население над 60 години е 11.7%.



Слика 12: Структура на население според националност


3.9. Квалитет на амбиентален воздух

Мерењето на параметрите, индикатори на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Северна Македонија го вршат три институции, кои имаат поставено свои мониторинг мрежи на различни локации. Институциите кои вршат мониторинг се:

- Национална мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Мрежата на Заводот за здравствена заштита (ЗЗЗ) и регионалните подружници за следење на квалитетот на воздухот во поголемите градови во Р Македонија;
- Мрежата на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР), која е во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

При анализа на состојбата на квалитетот на воздухот, како еден од главните медиуми во животната средина, земени се во предвид индустриската развиеност на општините, состојбата со сообраќајот, начинот на затоплување на живеалиштата, типот и количините на употребените горива, како и степенот на спроведени мерки и активности за следење и спречување, односно намалување на загадувањето на воздухот.

Исто така, климатските услови на територијата на општините се земени предвид.



Слика 13: Мрежи на мониторинг станици за амбиентален воздух

Мониторинг мрежата на МЖСПП вклучува вкупно 13 фиксни автоматски мониторинг станици. Овие станици ги мерат еколошките параметри: CO, SO_2, азотни оксиди NO_x, суспендирани честички PM10 и озон O_3.

Мониторинг мрежата на МЖСПП со која управува Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) е автоматска мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух. Останатите две мрежи работат мануелно.

Граничните вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух се дадени во следните табели.

Загадувачки материи	Заштита	Просечен период	Гранична вредност
Сулфур диоксид – SO_2	Екосистеми	Година зимски период	20 μG/M³
Азотен оксиди (NO + NO_2)	Вегетација	Година	30 μG/M³

Табела 2: Гранични вредности за заштита на екосистеми и вегетација

Загадувачки материи	Просечен период	Гранична вредност која треба да се достигне во 2012 год.	Дозволен број на надминувања во текот на годината	Гранична вредност за 2008 год.
Сулфур диоксид – SO_2	1 час	350 μg/m³	24	470 μg/m³
	24 часа	125 μg/m³	3	125 μg/m³
Азотен диоксид	1 час	200 μg/m³	18	280 μg/m³
	1 година	40 μg/m³	0	56 μg/m³
PM_{10}	24 часа	50 μg/m³	35	67 μg/m³
	1 година	40 μg/m³	0	54 μg/m³
Јаглероден моноксид	Максимална дневна 8- часовна средна вредност	10 mg/m³	0	15 μg/m³
Олово	1 година	0,5 μg/m³	0	0,9 μg/m³
C_6H_6	1 година	5 μg/m³	0	9 μg/m³

Табела 3: Гранични вредности за заштита на човековото здравје

Имајќи ги во предвид бројот, типот и капацитетот на застапената индустрија и другите деловни субјекти во општина Струга, како и бројот на возила и интензитетот на патниот и авионскиот сообраќај, како и употребата на нафтата, нејзините деривати како енергетски ресурси, генерално може да се каже дека аерозагадувањето е во рамки на дозволените концентрации назагадувачки супстанции во воздухот.

3.10. Квалитет на води

Рационалното искористување, одржување и заштитата на водените ресурси е основа за развој на општеството. Сливовите на реките, акумулациите, езерата, изворите и подземните води, односно сите водни ресурси, како база за потрошувачите, водоснабдувањето на населението, индустријата, енергетиката и наводнувањето, се изложени на процеси на загадување. Површинските води се загадуваат од директно испуштање на ефлуенти, од аероседименти, додека подземните води се загадуваат посредно, како резултат на продирање на загадувачки материи во почвата.

Водоснабдувањето подразбира обезбедување на висококвалитетна вода за задоволување на потребите од вода за пиење, комунални потреби, противпожарни потреби, потреби за производство итн. За намирување на потребите од вода значаен ресурс се подземните води – аквифери, формирани главно во котлините. При обезбедување на потребните количини на вода потребна е примена на активности кои ќе обезбедат:

- квалитетно и економично водоснабдување;
- намалување на загуби;
- рационално користење на водите.

Бидејќи изворниците на вода и водостопанските системи, во однос на другите системи, имаат построги барања во поглед на развој и заштита, при изградба на објектите со цел да се задржи квалитетот на водата потребно е поставување на другите објекти подалеку од изворите на вода.

3.11. Управување со отпад

Отпадот од општина Струга организирано се подига од службите на ЈП Комунално. Во селските населби отпадот самоиницијативно се одлага при што се создаваат диви депонии. Општина Струга нема постојана депонија каде би се депонирал отпадот. Постои само привремена депонија која се наоѓа во непосредна близина на градот. Привремената депонија не ги задоволува елементарните санитарни стандардни прописи. Депонијата ја нема потребната инфраструктура (вода, електрична енергија) и нема средства за дезинфекција и јама за угинати животни. Индустрискиот и медицинскиот отпад исто така се депонира во привремената депонија. Отпадот нема никаков технички третман туку само се нивелизира и затрупува со земја и песок.

4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

За да се предвидат сите слабости кои може да настанат од имплементација на планскиот документ и да се споредат сите придобивки, најпрвин треба да се разгледа таканаречената business as usual/ do nothing сценарио, или состојба без имплементација на планскиот документ. Заради тоа, овој дел од Извештајот се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на предвидениот плански документ.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот.

Во конкретниот случај, доколку не се донесе Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, се очекува да продолжат следните трендови:

- Просторот и понатаму ќе претставува земјиште со помала економска вредност, кое нема да има намена, односно и понатаму ќе остане неизградено земјиште;
- Социо- економскиот статус на населението во општина Струга ќе стагнира, односно ќе биде непроменет со тренд на опаѓање во времето на рецесија и понатамошно намање на така очекуваните инвестиции;
- Невработеноста ќе расте;
- Миграцијата село- град- странство ќе се зголемува;
- Сите поволности што ги има и нуди предметната локација (нејзината местоположба, микроклиматските карактеристики и сообраќајната поврзаност) ќе останат неискористени за побрз урбан развој. Можна е и појава на диспропорција со пошироката околина каде исто така, се планира изградба на нови и современи населби;
- Можност за појава на неконтролирана изградба на стопански објекти и со несоодветни дејности, што може да доведе до нарушување на квалитетот на медиумите на животната средина и загрозување на човековото здравје.

5. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ.

Во рамки на националната правна рамка, земени се целите одредени во следните национални документи релевантни за планскиот документ:

- ✓ Втор национален еколошки акционен план на РМ (2006);
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој;
- ✓ Просторен план на РМ (2004);
- ✓ Закон за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22);
- ✓ Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и Сл. весник на РСМ бр. 151/21);
- ✓ Закон за управување со отпад (Сл. весник на РСМ бр. 216/21);
- ✓ Закон за квалитет на амбиентен воздух (Сл. весник на РМ бр.100/12- пречистен текст, 163/13, 10/15, 146/15 и Сл. весник на РСМ бр.151/21);
- ✓ Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и Сл. весник на РСМ бр.151/21);
- ✓ Закон за водите (Сл. весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Сл. весник на РСМ бр.151/21);
- ✓ Закон за спроведување на просторен план на РМ (Сл. весник на РМ бр. 39/04);
- ✓ Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и Сл. весник на РСМ бр. 111/23);
- ✓ Закон за градење (Сл. весник на РМ бр.70/13- пречистен текст, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и Сл. весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23);
- ✓ Закон за јавна чистота (Сл. весник на РМ бр.130/10- пречистен текст, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и Сл. весник на РСМ бр. 122/21);
- ✓ Закон за комуналните дејности (Сл. весник на РМ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и Сл. весник на РСМ бр.302/20);
- ✓ Закон за енергетика (Сл. весник на РМ бр. 96/18 и Сл. весник на РСМ бр.236/22, 134/24 и 147/24);
- ✓ Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020);
- ✓ Национален план за управување со отпад (2009 - 2015);
- ✓ Студија за состојбата со биолошката разновидност во Република Македонија (Прв национален извештај) 2003;
- ✓ Стратегија и Акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија (2004);
- ✓ Закон за заштита и благосостојба на животните (Сл. весник на РМ бр.149/14 и 149/15);
- ✓ Закон за заштита на растенијата (Сл. весник на РМ бр. 25/98 и 6/00);

- ✓ Закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност (Рио, 1992) (Сл. весник на РМ бр. 54/97);
- ✓ Закон за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и Сл. весник на РСМ бр.20/19);
- ✓ Закон за шумите (Сл. весник на РМ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 07/16, 39/16 и Сл. весник на РСМ бр. 274/22);
- ✓ Закон за пасиштата (Сл. весник на РМ бр. 3/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10, 116/10, 164/13, 193/15, 215/15 и Сл. весник на РСМ бр.110/21);
- ✓ Закон за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 07/16, 39/16 и Сл. весник на РСМ бр.161/19, 178/21 и 91/23);
- ✓ Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 225/20- пречистен текст, 219/21 и 104/22);
- ✓ Правилник за максимално дозволените концентрации и количества и за други штетни материи што може да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл. Весник на СРМ, бр. 3/90);
- ✓ Правилник за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање на зони за санитарна заштита (Сл. лист на СФРЈ бр. 13/76);
- ✓ Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија на испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. весник на РМ бр. 81/11);
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030);
- ✓ Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл. весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16 и Сл. весник на РСМ бр.21/21);
- ✓ Законот за спроведување на Просторен план на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 39/04);
- ✓ Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12- пречистен текст, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр. 215/21).

Меѓународна правна рамка:

- ✓ Кјото Протокол, 11 декември 1997;
- ✓ Јоханесбуршка декларација за одржлив развој, септември 2002;
- ✓ Европска перспектива за просторен развој, мај 1999;
- ✓ Рио Декларација за животна средина и развој, јуни 1992;
- ✓ Архуска конвенција, 25 јуни 1998 година;
- ✓ Директива на ЕУ за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (92/43/ЕЕЦ);
- ✓ Директива на ЕУ за зачувување за дивите птици (79/409/ЕЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за вода (2000/60 /ЕЦ);

- ✓ Директива за нитрати (91/676/ЕЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за бучава (2002/49/ЕЦ);
- ✓ Директива за оценка на влијанието врз животната средина (85/337/ЕЕЦ);
- ✓ Директива за стратегиска оценка на животна средина (2001/42/ЕЦ);
- ✓ Европска Програма за климатски промени, јуни 2000;
- ✓ ЕУ Политика за рурален развој, 2000;
- ✓ ЕУ Шестиот Акционен План за животна средина.

Во рамки на секундарното законодавство, земени се предвид сите постоечки подзаконски акти, релевантни за тематиките опфатени со горенаведените законски акти. Во делот на имплементација на постапката за стратегиска оцена на животната средина дадена во Глава X од Законот за животна средина, следните подзаконски акти се консултирани при подготовката на овој Извештај и спроведувањето на самата процедура за стратегиска оценка на предметниот плански документ:

- ✓ Уредба за стратегии, планови и програми вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. весник на РМ бр.153/07 и 45/11);
- ✓ Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуки дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл. весник на РМ бр.144/07);
- ✓ Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. весник на РМ бр.153/07);
- ✓ Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. весник на РМ бр.147/08 и 45/11).

6. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно упатствата дадени во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена, извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. При тоа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики: секундарни, кумулативни, синергистички, потоа краткорочни, среднорочни и долгорочни, трајни и привремени, позитивни и негативни.

Анализата подразбира разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ.

Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на УП вон опфат на урбанистички план, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22)- Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти или согласно член 24 од истиот Закон.

Гледано во целина, при имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, се очекуваат позитивни влијанија врз социо- економскиот развој на општината и пошироко, како што се:

- Подобрување на бизнис климата;
- Отворање на нови работни места;
- Зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст;
- Зголемување на нивото на животен стандард, користејќи ги притоа предностите што ги нуди местоположбата на предметната локација -добрите комуникациски врски и близината до градското подрачје.

Реализацијата на УП вон опфат на урбанистички план, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

6.1. Влијание врз население и човеково здравје

Имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, позитивно ќе влијае врз демографскиот развој. Влијанијата ќе бидат позитивни и долгорочни, затоа што етаблирањето на просторот ќе понуди нови инвестиции,

а со тоа и нови работни места за околното население, подобра социо- економска клима, зголемување на животниот стандард.

Во однос на човековото здравје на околното население, можно е да се очекуваат значителни влијанија заради видот и природата на проектните содржини (семејни куќи за времен престој- викенд куќи), кои, генерално гледано, не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и човековото здравје.

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, позитивно ќе влијае врз човековото здравје, затоа што станува збор за изградба на комплекс, кој ќе даде голем придонес за подигање на квалитетот и здравиот начин на живеење на луѓето. Овие влијанија во однос на времетраењето ќе бидат долгорочни.

Во прилог на заштитата на животната средина и човековото здравје одат и предвидените плански решенија за сообраќајната и комуналната инфраструктура. Со тоа, можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински и подземни води и воздух) ќе се сведе на минимум, а со самото тоа и можноста за загрозување на човековото здравје.

Во текот на изградбата на поединечните деловни и инфраструктурни објекти, предвидени со овој урбанистички план, се очекуваат времени и локални влијанија во смисла на директни афектирања врз човековото здравје, како резултат на појавата на бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн. Нивниот интензитет и обем детално ќе биде анализиран со изработка на соодветните студии за оцена на влијанието на проектите врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

6.2. Влијанија врз социо- економска состојба

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, позитивно ќе влијае врз социо- економската состојба на населението. Со реализацијата на УП вон опфат на урбанистички план и понатаму со негово непречено функционирање и реализација на зацртаните плански содржини ќе дојде до зголемено ангажирање на нова работна сила која ќе се манифестира преку нови вработувања. Со реализација на УП вон опфат на урбанистички план ќе дојде до развој на повеќе дејности, кои ќе придонесат за економски ефекти во овој регион, а исто така ќе дојде до активирање и на останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, и др.

Многу важен фактор при изработка на Урбанистичката документација е согледување на можноста за финансирање за реализација на планската документација како и исплатливоста на инвестирањето во истиот.

При донесување на одлука за изработка на оваа урбанистичка документација токму овој фактор беше и пресуден. Заинтересираност за градба има од потенцијални инвеститори за ново планираните објекти- викенд куќи. Веднаш по усвојување на планот може да се започне со градба со што ќе се соберат средства и за реализација на сообраќајници.

Самата заинтересираност на потенцијални инвеститори зборува за исплатливоста на изработка на оваа планска документација.

Заради тоа просторниот развој треба да се насочи кон економско издржано решение во областа на сообраќајот, инфраструктурата, намената на просторот и системот на градба.

Предвиденото решение потребно е да ја оформи планираната намена на просторот. Што се однесува до сообраќајното решение потребно е:
- оформување на секундарната сообраќајна мрежа;
- оформување на пешачкиот сообраќај (тротоари).

6.3. Влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух

Од имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, не се очекуваат особено значајни влијанија врз квалитетот на воздухот.

Треба да се напомне дека во рамките на планскиот опфат се очекува зголемена фреквенција на возила кои ќе вршат достава на градежни материјали, стока и транспорт на работна сила во и надвор од опфатот, како долготраен и кумулативен процес. Но, со оглед на фактот дека локацијата се наоѓа покрај постоечки локален пат, каде веќе постои ризик од зголемени емисии од мобилни извори, планираната интерна сообраќајна инфраструктура и модерниот возен парк, кој би бил применет во рамките на комплексот, не се очекува дека ќе дадат дополнителен придонес во нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатските промени.

Различните типови на возила, опрема и градежна механизација кои ќе се користат при изградба на планираните објекти во рамките на планскиот опфат претставуваат мобилни извори на емисии на загадувачки материи од кои најкарактеристични се: NOx, CO, PM 10, јагленоводороди, сулфур, олово, бензен и други ароматски јагленоводороди кои претставуваат директен и индиректен ризик на човековото здравје и животната средина.
Фазата на градба на планираните содржини и комунална инфраструктура ќе има влијание врз квалитетот на воздухот преку зголемената фреквенција на возила и градежни активности (можна е појава на прашина како фугитивна емисија од најситните честички на земја). Овие влијанија ќе бидат краткорочни.

По имплементација на УП вон опфат на урбанистички план, можни извори на загадување на воздухот ќе бидат издувните гасови од превозните средства на вработените и посетителите, кои секојдневно ќе ги користат услугите што ги нуди овој комплекс.

Сепак, предвидените плански решенија за сообраќајната инфраструктура со обезбедување на заштитно зеленило и хортикултурно уредување во рамките на планскиот опфат, преставуваат основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во опфатот и во поширокото подрачје.

Специфичните значајни влијанија врз квалитетот на воздухот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.

6.4. Влијание врз квалитет на површински и подземни води

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, ќе наметне потреба од идентификување на изворите на емисии во површинските и подземните води.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на површинските и подземните води. За таа цел потребно е изградба на канализациони системи за прифаќање на отпадните води, нивно доведување во пречистителна станица и испуштање во најблискиот реципиент, по доведување на квалитетот на водата до потребниот степен.

Проектирањето и изведувањето на канализациониот систем ќе се врши по важечките прописи и стандарди за изградба на соодветните видови објекти.

Со реализација на овој УП вон опфат на урбанистички план не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Планските решенија за комуналната инфраструктура, собирањето на фекалните и атмосферски води од комплексот и поврзување со постојната мрежа, овозможува евентуалните негативни влијанија врз подземните и површинските води да се детерминираат кон извори на емисија кои се резултат санитарните и атмосферските води кои истекуваат од објектите со услужна дејност во рамки на комплекс. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на овој УП вон опфат на урбанистички план со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води. Тоа практично значи дека секој од деловните субјекти кои претставува извор на санитарни отпадни води ќе треба да преземе активности за нивен соодветен третман во рамките на самиот деловен субјект, што претставува законска обврска.

За да се заштитат подземните и површинските води од загадување со отпадни води потребно е: Изградба на сепарационен канализационен систем во кругот на комплексот.

Запазување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување. Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот, мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет, согласно Уредбата за класификација на водите.

Можни извори на дополнителни емисии на отпадни води се санитарните и технолошките отпадни води, кои ќе се генерираат од планираните објекти во рамките на планскиот опфат. Доколку неправилно се управува со отпадните води, истите може да имаат значително влијание врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште.

Нарушување на квалитетот на површинските и подземните води може да биде резултат и од неправилно управување со отпад, како и складирањето и ракувањето со горива, масла, масти, суровини и др. во рамките на комплексот, како во фазата на имплементација на планот-изградба на истиот, така и за време на нејзиниот животен век- функционирање.

Обемот и интензитетот на сите влијанија предизвикани од сите поединечни активности во конструктивна и оперативна фаза на реализација на овој УП вон опфат на урбанистички план, детално ќе бидат објаснети при изработката на студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина, за секоја активност поединечно.

6.5. Влијание врз почва

Со имплементација на оваа урбанистичка документација ќе се оствари рационално користење на земјиштето преку негова пренамена, кое ќе ефектуира со погоре споменатите бенефити.

Не се очекуваат значителни негативни влијанија врз почвата како резултат на имплементација на урбанистичкиот план, имајќи ги во предвид добро компонираните плански решенија за комуналната инфраструктура од аспект на соодветно управување со отпадните води и отпадот генериран во овој опфат. Со овие решенија, генерално се дава можност, корисниците на објектите да ги остваруваат своите дејности и активности и притоа, со доследно спроведување на законските обврски да спречат било какво загадување на почвата во самиот плански опфат и надвор од него.

Индиректното негативно влијание врз квалитетот на почвата како резултат на издувните гасови од возилата, се проценуваат како не многу значајни, со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на самите објекти кои не спаѓаат во групата на големи загадувачи на животната средина.

При изградбата на објектите во рамките на планскиот опфат во конструктивна фаза, односно при реализација на фазите: довод на електрична енергија, довод на вода и одведување на отпадните води, може да дојде до нарушување на геолошките карактеристики на почвата и

појава на ерозија, а како последица од користењето на тешката механизација, возилата, одлагање и транспорт на ископан материјал, одложување на градежен шут и др. Треба да напоменеме дека при овие операции во конструктивната фаза може да дојде до збивање на почвата со што се нарушува природниот квалитет на почвата и доаѓа до намалување на плодноста на истата.

Обемот и интензитетот на влијанијата на почвата предизвикани од конструктивната и оперативната фаза на планскиот опфат детално ќе бидат прикажани при изработката на студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина, за секој објект и активност поединечно.

6.6. Влијание поврзано со управување со отпад

Влијанијата врз животната средина, предизвикани од управувањето со отпад, потекнуваат од несоодветно управување со генерираниот отпад, во период на конструктивната и оперативната фаза од функционирањето на објектите опфатени со планскиот опфат. Овие влијанија може да бидат значителни и да го нарушат квалитетот на сите медиуми на животната средина, а во однос на времетраењето се долгорочни бидејќи комплексот ќе постои подолг временски период на предметната локација.

Градежните работи за изградба на објектите кои се во рамките на планскиот опфат, довод на електрична енергија, водоснабдување и одведување на отпадни води на предметната локација, ќе претставуваат извори на отпад.

Согласно законската регулатива, создавачите на генерираниот отпад се должни да ги преземат сите мерки за заштита на животната средина. Ова ќе биде предмет во понатамошната фаза на оценување и наложување соодветни мерки при изработка на студиите за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секој од деловните субјекти поодделно.

6.7. Влијание од бучава

При реализација на конструктивната и оперативната фаза, односно во време на целосна реализација на овој плански опфат се очекува појава на зголемена бучава. Како извори на бучава ќе се јават транспортните средства и машините. Особено бучавата ќе биде зголемена во фазата на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и реализацијата на секој поединечен проект од фаза на поставување на инфраструктурна мрежа, до изградба на самиот објект.

Со оглед на планираната поставеност на објектите во рамките на планскиот опфат, каде само по себе бучавата е зголемена (заради близина на постојниот локален пат), не се очекува дека бучавата ќе биде значаен фактор во нарушувањето на квалитетот на животната средина на глобално ниво. Во однос на времетраењето, овие влијанија ќе бидат долгорочни и ќе се јавуваат во имплементациониот и оперативниот век на изградба на планираните објекти во

планскиот опфат, во однос на опсег на влијанијата- локални, во однос на траење на дразбата- привремени, додека ефектот ќе биде занемарлив.

Доколку при имплементацијата на Планот се применат мерките, дефинирани низ постапките за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат и очекуваните кумулативни ефекти од зголемената бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава и подзаконските акти.

6.8. Влијание врз флора и фауна

При реализација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, може да предизвика негативни влијанија врз флората и фауната, која егзистира на предметната локација.

Предвидените активностите во рамките на планскиот опфат може да предизвикаат вознемирување на птиците, како и нивно раселување, а исто така да предизвикаат нарушување или уништување на нивните живеалишта. Зголеменото присуство на луѓе и нивните активности ќе доведе до очекувани индиректни влијанија врз флората и фауната.

На локалитетот, кој е предмет на планскиот опфат за изградба на предвидените објекти, до сега не е идентификувано постоење на карактеристични видови од флора и фауна, ендемични, загрозени или реликтни видови, ниту пак карактеристични живеалишта. Се очекува дека дел од животинскиот свет во иднина ќе се редуцира и дел од единките ќе се раселат, но тоа нема да влијае врз нарушување на биолошката разновидност во глобални размери. До претходно споменатото ќе дојде поради деградација и фрагментација на нивните природни "домови" и ареали на движење кои ги имале во претходниот период кога немало активности на предметната локација.

Во текот на конструктивната фаза може да дојде до појава на бучава и вибрации при работа градежната механизација и опремата, што може да предизвика вознемиреност кај водоземците (нарушување на нивниот репродуктивен процес), но сепак се работи за активности кои имаат краткотраен карактер и се во рамките на планираниот опфат.

Движењето на луѓето во рамките на планскиот опфат за време на конструктивната и оперативната фаза и фреквенцијата на возила и градежна механизација може да предизвика вознемиреност кај живите организми, особено кај птиците во периодот на нивно парење. Со изградбата и поставувањето на комуналната инфраструктура доаѓа до уништување на постојните екосистеми, а исто така доаѓа до нарушување на квалитетот на почвата и појава на ерозија. При реализација на конструктивната и во текот на оперативната фаза на предвидениот комплекс има појава на зголемена количина на прашина која ги нарушува постојните живеалишта на живите организми, а исто така доаѓа и до напластување на истата

на површината на листовите од растенијата, што придонесува за намалување или непостоење на процес на фотосинтеза.

Влијанијата врз флората и фауната од изградбата на објектите во рамките на планскиот опфат ќе бидат негативни, но не значителни, а во зависност од обемот и времетраењето локални и долгорочни.

Обемот и интензитетот на влијанијата врз флората и фауната предизвикани од активностите во комплексот детално ќе бидат разгледувани при изработката на студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина за секоја активност, поединечно.

6.9. Влијание врз предел

Предметниот локалитет е простор без значајни особености на предел со природни и пејсажни карактеристики.

Предвидениот комплекс ќе се лоцира во предел, кој претставува неизградено земјиште. Изградбата на викенд кучите ќе има влијание на пејзажните карактеристики на локацијата, но истите ќе бидат позитивни, пред се поради планираните придобивки од имплементацијата на Планот.

Предвидените активности во Планскиот документ, кои вклучуваат обезбедување на заштитни појаси со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, особено крај сообраќајницата, е од витален интерес за посетителите на овој центар. Хортикултурно уредување со заштитно и украсно зеленило, ќе придонесат за заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите на просторот. Овие активности ќе бидат во насока на зачувување на амбиентните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.

Изградбата на предвидениот комплекс со сите предвидени објекти и зелени површини ќе има позитивно влијание на пејзажните карактеристики на локацијата.

Активностите во конструктивната фаза кои вклучуваат изградба на објектите, довод на електрична енергија, водоснабдување и одведување на отпадни води на предметната локација, може да предизвикаат негативни влијанија врз пејзажните карактеристики на предметната локација како резултат на ископот на земјиште и депонирањето на вишокот земја, но тие ќе бидат краткорочни (во однос на времетраењето) и локални и по завршувањето на имплементацијата на Планот ќе бидат елиминирани.

Обемот и интензитетот на влијанијата врз пределот предизвикани од поедините активности детално ќе бидат разгледувани при изработката на студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина, за секоја активност поединечно..

6.10. Влијание врз материјални добра

Од анализата на постојната состојба, може да се заклучи дека во рамките на планскиот опфат не се евидентирани значајни материјални добра. Изградбата на објектите во рамките на комплексот ќе има долгорочни позитивни влијанија врз материјалните придобивки кои се во непосредна близина на планскиот опфат. Истите ќе добијат поголемо значење заради полесната достапност до нив, како и зголемување на функционалноста на нивната намена.

Исто така и сообраќајниците, кои ги исполнуваат своите основни намери и цели, со имплементација на овој план, ќе добијат поголемо значење и функционалност заради можноста за брза и лесна транспортна комуникација со околината и пошироко.

6.11. Влијание врз културно и историско наследство

Во рамките на локацијата на проектот не постојат значајни археолошки подрачја и локалитети со културно наследство кои би претставувале ограничувачки фактор во процесот. На локацијата опфатена со имплементацијата на планот не е евидентирано културно и историско наследство. Планскиот документ нема да има влијание врз културното и историското наследство.

Од таа причина, при спроведување на проектот не се очекуваат влијанија врз културното и археолошко наследство. Сепак, во случај ако при реализација на земјените градежни работи при изградба и доградба се утврди постоење на артефакти или се појават индиции дека на локацијата се наоѓа потенцијално археолошко добро, градежните работи ќе бидат запрени и навремено ќе биде известена Управата за културно наследство при Министерството за култура.

6.12. Влијание од несреќи и хаварии

Мерки за заштита од пожар на објектите

Со цел да се избегнат ризиците од појава на пожар се препорачува изработка на План за управување со пожар, во кој ќе бидат вклучени ризиците од појава на пожар во конструктивната, оперативната и постоперативната фаза и ќе бидат предложени мерки за минимизирање на евентуалните појави и ризици од пожар, што ќе даде голем придонес кон зачувување на животната средина.

Во овој План треба да се дадат предлог мерки за спречување на појава на пожар и треба да вклучи обука на работниците кои ќе ја инсталираат опремата и ќе вршат нејзино одржување и поправка на евентуални дефекти, за ризиците и начинот на минимизирање на ризиците за појава на пожар. Со овој План би се минимизирале евентуалните појави и ризици од пожар, што ќе даде голем придонес кон зачувување на животната средина.

Заштита од природни непогоди

Генерално, секој ризик од некое случување што носи опасност може да се дефинира преку обемот, големината на оштетувањето што може да се предизвика со тоа случување, помножено со веројатноста на неговата појава. Оттука технолошкиот ризик се базира на опасноста- обемот на оштетувањето од неконтролирано, интензивно дејствување на опасни материјали со кои се работи за објекти врз живиот свет и материјалните добра и на можноста до тоа неконтролирано опасно дејствување воопшто да дојде.

Посебна важност за проценувањето на технолошките ризици има разгледувањето на сценарија за можни катастрофи и инциденти. За таа цел за одредени случаи може да се користи едноставен научен пристап, додека во други случаи за тоа е потребен сложен математички и научен апарат како во софтверски, така и во хардверски поглед.

Следниот чекор за дефинирањето на ризиците се состои во групирањето на материјалите, кои се појавуваат во процесот на функционирање на објектот, во соодветни групи според нивните релевантни особини. Едно од можните групирања е следново:

- запалливи- не отровни;
- отровни- не испарливи;
- запалливи- експлозивни; и
- отровни- испарливи.

Јасно е дека резултатите од претходната фаза на дефинирање на заштитата од катастрофи, даваат извонредно корисни информации за тоа што е превентивно направено за да се намали ризикот од катастрофи и за тоа што треба понатаму да се стори во таа насока. Користејќи ги тие информации по методолошка постапка на заштита од катастрофи треба да се пристапи кон проектирање на соодветни мерки во основните и изведбени проекти, при што треба да се има на ум дека тоа е континуиран процес и дека треба постојано да се подобрува сигурноста при користењето на технолошките постројки, односно да се намалува технолошкиот ризик.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12- пречистен текст, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр. 215/21) член 93, заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизооти, епифитотии и други несреќи се формираат единици и штабови за заштита и спасување.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи се употребуваат од страна на општината во која се настанати природните непогоди и други несреќи.

Во услови кога општините не можат да ги отстранат последиците од природните непогоди, по барање на градоначалникот на општината во која тие се настанати, со одлука на директорот на Дирекцијата се употребуваат републичките сили за заштита и спасување.

6.13. Прекугранично влијание

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга и оперативните активности на предвидените дејности, нема да предизвикаат прекугранични влијанија.

7. ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални закони за секој медиум или област соодветно, како и другите законски одредби применливи за идентификуваните влијанија.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор, пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели, примена на застарени производствени технологии итн.

Втор ред на заштита на животната средина се постигнува со мерките за контрола. Подобра контрола и висок степен на заштита на животната средина ќе се постигне со успешна имплементација на системот на заштита преку подготвување на студија за оцена на влијанието врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина за планираниот објект на оваа локација.

7.1. Мерки за намалување на влијанието врз население и човеково здравје

Имплементацијата на планскиот документ се очекува, од социо- економски аспект, позитивно да влијанија врз населението од околината и пошироко.

Мерките за заштита на човековото здравје се вградени во добро компонираните плански решенија на предметниот УП вон опфат на урбанистички план. Доследното спроведување на овие плански решенија за сообраќајната инфраструктура ќе доведе можноста за загадување на медиумите на животната средина (почва, површински и подземни води и воздух) да биде сведена на минимум, што ќе биде доволна гаранција за директа и индиректна заштита на човековото здравје.

Примената на сите предложени мерки, дадени во сите фази на планирање и процесот на изведба на објектот планиран во рамките на опфатот, ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.

7.2. Мерки за намалување на влијанието врз социо- економска состојба

Имплементацијата на УП вон опфат на урбанистички план позитивно ќе влијае на социо-економската состојба, затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

7.3. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на амбиентен воздух

При имплементација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, мерките за намалување на влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух се во насока на намалување на емисија на гасови од превозните средства со употреба на еколошки горива што претставува приоритет за зачувување на животната средина. Со придржување и почитување на законските обврски, ќе се избегнат или намалат влијанијата предизвикани од овој вид извори на загадување на воздухот.

За намалување на влијанието врз амбиентниот воздух ќе придонесе и употребата на природен гас, како енергенс, или користење на горива со низок процент на сулфур и примена на технички решенија, кои ќе овозможат брзо и ефикасно согорување, како и зафаќање и филтрирање на евентуалните емисии. Секако, користењето на алтернативни извори на енергија претставува исто превентивна мерка која води кон повисок степен на заштита.

Други мерки кои треба да се преземат за намалување на можните емисии во воздухот во фаза на изградба на објектите од опфатот се:

- Сите работници, кои ќе бидат потенцијално изложени на емисии на прашина да имаат маски;
- Материјалите кои се исталожени на теренот ќе бидат одблизу мониторирани за можни емисии на прашина и ако е потребно тие ќе бидат покриени или третирани со супресор за прашина;
- Моторите ќе бидат исклучени кога не се во употреба;
- Купиштата земја (од ископините) ќе бидат лоцирани далеку од сензитивните рецептори каде што е возможно;
- Сите возила ќе бидат соодветно одржувани за да се редуцираат воздушните емисии;
- Ако се доставуваат земјени материјали, тие ќе бидат во вреќи или соодветно складирани за да може да бидат покриени;
- Сите возила кои носат материјал кој може да диспергира за време на превозот, ќе бидат покриени;
- Ќе се применуваат незагадувачки дејности во зоната;
- Ќе се применуваат најдобри достапни техники при планирање и изградба на предвидените објекти во рамките на опфатот;
- Употреба на енергенси од обновливи извори на енергија, искористување на сончевата енергија и природен гас;
- Ќе се применуваат современи технолошки решенија; и
- Ќе се подигаат и оформуваат заштитни зелени појаси околу планскиот опфат.

Во однос на мерките кои се однесуваат на самата локација на планскиот опфат и сообраќајниците со кои се граничи, тие се вградени во сообраќајните плански решенија за формирање на заштитен зелен појас и хортикултурно уредување на комплексот.

7.4. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на површинските и подземните води

За заштита на површинските и подземните води треба да се преземат мерки во рамките на планскиот опфат каде треба да се почитуваат законските обврски во однос на третманот на технолошките отпадни води, пред тие да бидат испуштани во септичката јама или канализационата мрежа, кое е во надлежност на операторот каде тие се генерираат. Истото се однесува и за управувањето со опасниот отпад.

Останатите мерки се вградени во техничко- технолошките и организациони решенија на планскиот документ (собирање и одведување на фекалните и атмосферските води, собирање и одведување на отпадот).

За намалување на влијанијата, кои може да произлезат од неправилно управување со отпадните води и да предизвикаат загадување на хидролошките единици на локацијата, во планската документација за изградба се препорачува имплементација на следните мерки:

- изградба на сепарациона канализациона мрежа;
- редовна контрола на пречистената вода;
- испуштање на пречистената вода во најблискиот реципиент со квалитет кој нема да ја наруши категоријата на вода на реципиентот;
- третман на атмосферските води во маслофаќач и таложници пред финално испуштање во реципиентот;
- воведување на системи за повторно искористување на водата за различни намени, доколку истите задоволуваат определени критериуми;
- соодветно управување со отпадот;
- правилно чување и складирање на суровини, горива, масла, масти и др.

При управување со отпадните води, треба да се почитуваат одредбите од Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија на испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. весник на РМ бр. 81/11).

7.5. Мерки за намалување на влијанието врз почва

Со имплементацијана на овој УП вон опфат на урбанистички план не се очекуваат значителни влијанија врз почвата. Доследната примена на планските решенија од страна на операторите во однос на отпадните води и управувањето со отпад во рамките на планскиот опфат, како и примената на добра пракса при самата изградба на овој комплекс и правилното одржување на заштитниот појас во текот на експлоатацијата, ќе бидат доволна гаранција, евентуалните негативни влијанија врз почвата (загадување и ерозија) да бидат сведени на минимум.

Дополнителни мерки не се потребни.

7.6. Мерки за намалување на влијанието поврзани со управување со отпад

Согласно член 7 од Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РСМ бр. 216/21), создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад на местото на создавање или да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање и повторно употребен или искористен како извор на енергија.

Мерките за намалување на влијанијата од создадениот отпад се однесуваат на доследното исполнување на законските обврски за управувањето со отпадот, посебно на опасност отпад кои се во надлежност на операторот каде тој се создава.

Останатите мерки се вградени во техничките и организациони решенија на планскиот документ- собирање и одведување на неопасниот отпад на соодветната депонија. Се препорачува селектирање на комуналниот отпад (хартија, пластични шишиња, електричен и електронски отпад итн.).

Цврстиот отпад, кој нема употребна вредност ќе се одлага на санитарната локална депонија, а собирањето и транспортот ќе се реализира преку Јавното комунално претпријатие.

Отпадот, кој има употребна вредност ќе се предава на овластени управувачи со отпад, ќе се реупотребува и рециклира.

Во случај на излевање на масло, на околното земјиште, земјата каде што би се излеало маслото ќе биде отстранета, а потоа соодветно дислоцирана, согласно позитивните правни прописи од областа на управување со отпадот.

Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на управување со отпадот од страна на операторите на рекреативниот комплекс.

7.7. Мерки за намалување на влијанието од бучава

Објектите кои се планирани да бидат дел од планскиот опфат, треба да планираат вклучување на технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на интензитетот на бучава, односно истите да бидат во согласност со дозволените прагови на бучава, согласно законските прописи и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за бучава.

Ако при имплементација на планскиот документ се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки за заштита од бучава тие во понатамошниот период се препорачува да се спроведат.

Влијанијата од бучава во конструктивната фаза на градба во планскиот опфат ќе бидат краткотрајни и ограничени на времетраењето на самата фаза. Потребно е инвеститорите да ги почитуваат рокови за градба дадени од надлежниот орган.

Потенцијални специфичните влијанија може да се контролираат преку мерките предвидени во елаборатите за заштита на животна средина, односно мерки во согласност и поставени од страна на надлежниот орган, општина Куманово, додека спречувањето на евентуални вакви влијанија може да се направи само со внимателно одредување на компатибилни намени во рамките на планскиот опфат.

Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

7.8. Мерки за намалување на влијанието врз флора и фауна

Доколку со имплементацијата на овој УП вон опфат на урбанистички план се применат сите предвидени мерки за заштита и управување со просторот, отпадните води, отпад, бучава и др., ќе се намалат или евентуално ќе се спречат негативните влијанија врз флората и фауната. За намалување на влијанијата од етаблирање на зоната врз видовите од флората и фауната, се препорачува разгледување на мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект, како и од секоја поединечна инфраструктурна активност, планирана во комплексот.

Изградбата на зелените површини и хортикултурното уредување ќе придонесат да се воспостават реверзибилните природни процеси. Се препорачува озеленување на површините со автохтони видови, карактеристични за поширокото подрачје.

Ако за време на спроведување на планската документација се идентификуваат влијанија врз флората и фауната од значење за биолошката разновидност на државата, а кои не биле земени во предвид при изработката на СОЖС поради недостаток на информации, дополнително ќе се предвидат мерки заради обезбедување на реверзибилност на видовите и живеалиштата.

7.9. Мерки за намалување на влијанието врз предел

Имплементацијата на УП вон опфат на урбанистички план ќе има позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност со постојната инфраструктура (сообраќајна и комунална) и ќе делува како една урбанизирана целина.

За вклопување на просторот во околниот амбиент, се препорачува изградба на зелен појас од автохтони растенија (согласно препораките дефинирани во планската документација) и висина на објектите, која нема да доминира во просторот.

Предвидените активности во планската документација за изградба на комплексот, вклучуваат обезбедување на заштитни појаси во поглед на комплексната заштита на просторот, особено

кај сообраќајниците, што е од витален интерес за заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот. Сите овие активности ќе бидат во насока на зачувување и збогатување на амбиентните и естетските потенцијали на просторот.

7.10. Мерки за намалување на влијанието врз материјални придобивки

Влијанијата врз материјалните добра на локацијата на планскиот опфат може да се оценат како позитивни, затоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата.

7.11. Мерки за намалување на влијанието врз културно и историско наследство

При изработка на планска документација од пониско ниво, треба да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното културно наследство.

На локацијата која е предмет на изработка на УП вон опфат на урбанистички план нема евидентирано природно наследство. Но доколку при реализација на планот и изградба на објектите се регистрира природно наследство се запираат активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита на природно наследство.

Локациите кои се предвидени со УП вон опфат на урбанистички план, не се на мапата за археолошки наоѓалишта на културно наследство. Но, доколку во конструктивната фаза, се дојде до артефакти, веднаш ќе се извести Министерството за култура и ќе се постапува согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и Сл. весник на РСМ бр.20/19).

7.12. Мерки за намалување на влијанија од несреќи и хаварии

При реализација и отпочнување со работа на објектот предвиден на локацијата како можни несреќи и хаварии кои можат да се случат се следниве: пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, хемиски загадувања и други причини кои можат да доведат до загрозеност на човекот, материјалните добра и еколошката загрозеност на просторот.

За избегнување на овие катастрофи и намалување на последиците се преземаат одредени методолошки постапки за планирање на просторот од аспект за заштита:

- одржување на опремата и инсталациите за сигурност при користење на опасни материјали во разни технолошки процеси;
- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- анализа на меѓусебна зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- заштита на животна средина од емисија на опасни материи;
- заштита од пожар и експлозија;

- вградување на сите заштитни мерки предвидени со елаборати за заштита како составен дел на проекти за одделни објекти;
- правилно димензионирање на сообраќајници и тротоари;
- едукација на население за заштита од евентуални технички катастрофи;
- заштитен појас на сообраќајници од повисок ранг.

Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување. Планираните мерки за заштита и спасување се во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12- пречистен текст, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр. 215/21) и Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на и уредување на просторот и населбите, во проектите и при изведба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РМ бр.105/05).

Изработката на УП вон опфат на урбанистички план, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на проценката на загрозеност на опфатот на кој се однесува предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга.

Системот за заштита и спасување се остварува преку:
- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- Одредување и изведувањена заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа; и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди,

епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии и епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на општината.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- Во проектите за објекти и технолошко процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзините деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност; и
- При изградба на објекти и инфраструктура.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително треба да се обезбеди:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмчки дејства;
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- Обезбедување на противпожарни пречки;
- Изградба на објекти за заштита;
- Изградба на потребна инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се:

- Евакуација;
- Засолнување;
- Згрижување на настраданото и загрозено население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари;
- Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и растенија и производи од нивно потекло;
- Асанација на теренот.

Други мерки за заштита и спасување што би се појавиле за време и по природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Сите објекти на предметната локација се лоцирани така да до истите има непречен пристап за противпожарните возила. Целокупниот сообраќаен систем се состои од сообраќајници кои овозможуваат лесен пристап на противпожарно возило до објектите и непречено движење на пожарните возила.

ЈП Комунално Струга е должно да обезбеди хидрантска мрежа и соодветно да ја обележи согласно член 54 став 2 од законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12-

пречистен текст, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр. 215/21) и глава 3 (членови 16 до 23) од Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. весник на РМ 31/06).

Надворешната хидратантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидратантска мрежа е предвиден прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара. Податоците за големина на притисокот во хидрантската мрежа ги дава ЈП Комунално Струга, надлежно за издавање на хидротехничките услови за приклучување на секој објект.

Заштита од пожари на самите објекти ќе се обезбеди преку правилен избор на вградениот материјал и применетите конструкции, материјалите што ќе бидат вградени, како и обезбедување на противпожарни пречки.

При изработка на техничката документација за изградба на објектите да се изработи и посебен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи согласно член 70 од законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12- пречистен текст, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр. 215/21) освен оние кои не ги исполнуваат условите од став 5.

Во случај на воени разурнувања планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од аспект на заштита од воени разурнувања.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини бидејќи градбите се доволно оддалечени од улиците. Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и нивно оштетување. Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со

посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на Основниот проект, посебно за секој објект или комплекс од градби.

Се предвидува изградба на засолниште во рамките на секоја градежна парцела за свои потреби, при точно утврдени параметри и нормативни услови за димензионирање на засолништето, што ќе произлезат од идејниот проект за секој поединечен објект или комплекс од градби.

Потребните капацитети на објектите за заштита се определуваат во зависност од површината, видот и намената на инвестициониот објект. Минимум едно засолнишно место се определува на секои:

- 15м² површина за јавни објекти;
- 20м² корисна површина за деловни, занаетчиски и угостителски објекти;
- 30м² корисна површина на школи, градинки и други објекти;
- 45м² корисна површина за станбени објекти и др.

Во мирнодопски период може да дојде до појава на вонредни услови поради елементарни непогоди кои настануваат под дејство на природни сили: земјотрес, поплава, силен ветар, снег, наноси, лавини, лизгање и одронување на терен и слично. Многу од овие опасности можат предвреме да се предвидат, во кој случај можат да се преземат одредени организационо- технички мерки за нивно спречување или намалување на последиците.

Природните појави можат да се јават и како комбинирани појави кај кои причинител е човекот, а последиците се резултат на природни сили (поплави предизвикани со рушење на брани, насочување на метеоролошките појави и предизвикување на вонредни состојби).

Сеизмичките појави, земјотресите, се доминантни природни непогоди кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор меродавна е картата на макросеизмичка реонизација со што природно нестабилните и сеизмички неповолните терени а тоа се местата каде се сменуваат геолошките формации, требе да се исклучуваат од градежните захвати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инженерско- геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

Намалување на сеизмичниот ризик и последиците може да се постигне со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти заради зголемување на отпорноста на земјотрес), односно задолжителна примена на техничките нормативи за изградба на објекти од високоградбата во сеизмички подрачја. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците во случај на појава на урнатини. Со оглед на височината, растојанието и распоредот на објектите, како и широчината на радиусите на

сообраќајниците, не постои опасност од големи урнатини кои би довеле до затрупување на сообраќајниците. Тоа значи дека е обезбеден приод за спроведување на акција за заштита и спасување и расчистување од урнатини.

Во согласност со член 53 од Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.93/12-пречистен текст, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл. весник на РСМ бр. 215/21) задолжително треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребна инфраструктура. За ефикасна заштита на луѓето и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита. Начинот на изградба, одржување и користење на засолништа и други заштитни објекти е уредена со Уредбата за начинот на изградбата, одржувањето и потребниот материјал за засолнишни места (Сл. весник на РМ 80/05).

7.13. Мерки за намалување на прекугранични влијанија

Имплементацијата на планскиот документ нема да предизвика прекугранични влијанија, затоа не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата.

8. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Подготовката на Извештај за стратегиска оцена предвидува задолжително разгледување на алтернативи, кое може да се направи од аспект на избор на најдобро решение за локација, опции на намени предвидени во документот, потоа активности што би се предвиделе на планскиот опфат итн.

Овие аспекти се разгледуваат со цел да се изнајде најдоброто решение кое ќе придонесе за максимална можна заштита на животната средина.

Како приоритет при планирањето е зголемување на степенот на искористување на градежното земјиште, изнаоѓање на оптимално решение при решавањето на стационарниот сообраќај (паркирање и гаражирање) во планираниот опфат, како и максимално почитување на веќе создадените градежни вредности, нивно вклопување и дооформување на градежните парцели.

Во интерес на сопствениците на просторот, соседите, општината е да наведениот простор се оплемени, т.е. се приведе на намена (викенд населба) и добие своја економска вредност.

Исто така, со програмските барања дефинирана е и намената на содржината на опфатот (викенд населба). Заради тоа, од страна на нарачателот и изготвувачот на планот не се разгледувани алтернативни решенија за други локации и/или друга намена на оваа локација.

Изборот на предвидените опфати за изградба на објектите, како разгледувана алтернатива, опфаќа неколку позитивни аспекти и тоа:

- во однос на одбраниот простор има поволна географска положба, добри микроклиматски услови и одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност со градот Струга и пошироко со целиот регион;
- изградбата и ставањето во функција на предвидените содржини ќе овозможи остварување на економски и друг вид општествени функции со директни или индиректни економски ефекти.

Предвиденото планско решение, како алтернатива, дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност од неатрактивна локација да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на локалната и економијата на регионот.

9. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Целта на Планот за мониторинг на животната средина е следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ. Планот за мониторинг ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и преземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.



Слика 14: Следење на ефектите од спроведување на планскиот документ

Основните цели и користа од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на УП вон опфат на урбанистички план, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Следењето на состојбата на животната средина ја потврдува оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Цели	Предмет	Индикатори	Мониторинг	Извори на верификација
Подобрување на квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард	Население	- Зголемен број на вработени; - Имплементирани инфраструктурни подобрувања - Зголемен приход по глава на жител; - Прираст на населението; - Зголемување на буџетот на Општината и пошироко;	- Редовен попис на населението; - Статистички и финансиски извештаи; - Финансиски извештаи	− Завод за статистика; −Министерство за финансии.
Заштита на животната средина со имплементација на УП вон опфат на урбанистички план	Сите медиуми на животната средина	- Бројот на подготвените Студии за оцена на влијанијата врз животната средина/елаборати за заштита на животната средина.	- Мониторинг над спроведување на мерките дефинирани во Студиите за оцена на влијанијата врз животната средина/елаборатите за заштита на животната средина.	-Општина Струга
Подобрување на квалитетот на воздухот	Квалитет на амбиентален воздух	- Имплементација на мерки од Студија и Елаборат - Донесување и имплементација на Програма за намалување на загадување на амбиентен воздух - Примена на обновливи извори на енергија;	-Мониторинг на квалитет на амбиентален воздух; -Мониторинг на емисии од испусти во атмосферата од индустриските капацитети	- Извештаи за реализација на УП вон опфат на урбанистички план, - Општина Струга
Зачувување на	Површински	Изведена	Мониторинг на квалитетот на	

Цели	Предмет	Индикатори	Мониторинг	Извори на верификација
квалитетот на водата	води; Подземни води/квалитет на вода за пиење од бунари во најблиските населби	канализациона мрежа	водата на испуст во канализација(септичка јама)	-Општина Струга
Одржување на постојано ниво на флора и фауна	Покарактеристични влијанија	Задржан број на првично идентификувани живеалишта	Мониторинг над видовите на живеалиштата	- МЖСПП
Зачувување на квалитетот на почвата	Почва	- Применети планови за управување со отпад; - Селекција и класификација на отпад -Изведена канализациона мрежа; – Квалитетот на амбиентниот воздух во дозволените граници.	Мониторинг на квалитетот на почвата.	- Општина Струга
Минимизирање на отпадот, рециклирање и повторна употреба во тековните активности	Медиуми на животната средина	- Имплементација на програмите/плановите за управување со отпад за објектите/локацијата; - Определување на места за собирање и селектирање на комунален отпад и инертен отпад - Донесување на посебни правила за постапување со комунален и друг вид неопасен отпад - Имплементација на мерките, предложени во Студија за оцена на влијанијата врз животната средина/елаборат за	-Степен на имплементација на програмите за управување со отпад на планираниот опфат. -Мониторинг на селектирање, собирање и транспорт на комунален отпад на локацијата -Доставување на извештаи за управување со отпад	- Општина Струга

Цели	Предмет	Индикатори	Мониторинг	Извори на верификација
		заштита на ж. средина.		
Намалување на бучава	Население, флора и фауна	-Имплементација на мерки за намалување на бучава предвидени со Студија за оцена на влијанието врз ж. средина/елаборат за заштита на ж. средина -Поставување заштитни бариери -Извештаите од мерењето на бучава -Задржан број на првично идентификувани живеалишта -Евидентирани здравствени проблеми	Мониторинг на нивото на бучава Мониторинг над видовите на живеалишта Статистички извештаи за здравствената состојба	-Општина Струга
Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии	Медиуми на животната средина	Примена на препораките дадени во студиите/планови и програми за заштита од несреќи и хаварии.	Степен на имплементација на препораките дадени во студиите /планови и програми за заштита од несреќи и хаварии.	Извештај за реализација на УП вон опфат на урбанистички план.

Табела 4: Постапка за мониторинг

10. НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3-семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, претставува плански документ за кој е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен извештај.

Извештајот е изработен согласно содржината пропишана во Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. весник на РМ бр.153/07).

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката е спроведена во фазата на планирање, со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот, а потоа да се интегрираат целите на животната средина во подготвувањето и усвојувањето на документот.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Стратегијата за одржлив развој (Агенда 21), Законот за урбанистичко планирање, поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на УП вон опфат на урбанистички план.

Согласно член 2 од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, УП се состои од: Документациона основа и Планска документација.

Документацијата на УП се состои од текстуално- аналитички дел, графичкиот дел и услови за градење на просторот, намена на објекти, регулационен план и површина наменета за градба со висински план, сообраќаен со нивелациски план и инфраструктурен план. Површина на планскиот опфат е 9727,72м^2 или 0,97ха.

Со општите услови за градба:

- се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на УП вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој- викенд куќи за предметниот плански опфат;
- се објаснуваат некои ставови за чие правилно спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш достаточни јасни одговори;
- се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

Општите услови се применуваат во сите фази на разработка и реализација на УП вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој-викенд куќи и претставуваат негов составен дел.

Основниот сообраќаен систем на овој урбанистички план го сочинуваат: регионалниот пат, и сервисни и станбени улици.

При оформување на содржини во рамки на локалитетот се оформуваат зелени површини на сите слободни простори, а особено на појасот покрај патот. Утврдувањето на подетални параметри за организација на просторот во парцелите со парковски зеленило ќе се врши со урбанистички проект со примена на параметри утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Сметот е планирано да се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

Максимална висина на градба е планска одредба со која се утврдува дозволената висина на градба на вертикална рамнина, чиј пресек со терен се совпаѓа со градежна линија. Висината на објектите се утврдува преку максимална висина до венец изразена во метри и претставува вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градба и тоа од онаа страна која гледа кон лицето на градежната парцела.
Доколку теренот е во пад или има поголеми денивелации на партерот околу површината предвидена за градба, максималната висина за изградба се смета од висинска кота на тротоарот во средина на страната на градбата долж падот на теренот.

Основниот сообраќаен систем на овој урбанистички план го сочинува: регионален пат, станбена улица, пристапна улица, пешачка улица.

При примена на овој УП вон опфат на урбанистички план за се што не е дефинирано со овие Параметри ќе се применуваат стандардите и нормативи утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Органот, кој го подготвува планскиот документ, во претходна консултација со засегнатите органи од имплементацијата на планот, го определи обемот и деталноста на информациите, кои се дадени во Извештајот за стратегиската оцена на животната средина, што е дел од процедурата за стратегиска оцена на животната средина.

Стратегиската оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз животната средина и алтернативите во поширок обем, а исто така:

- во претходна постапка ги зема предвид алатките кои би се користеле за да ја подржат формулацијата на стратегиската акција за одржлив развој;
- овозможува зголемување на ефикасноста при донесување на одлуки;
- овозможува систематски и ефективен приод кон животната средина од повисоко ниво при донесување на одлуки;
- ги поддржува консултациите и учеството на јавноста.

Извештајот за стратегиската оцена на животната средина содржи детали од планот, одредени програми и стратегии, како и други информации, кои се земени во предвид при оцената на животната средина, односно содржи податоци за:

- постојната состојба на предметната локација;
- можните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство, пејзажи и др.;
- предвидените мерки за заштита и намалување на влијанијата;
- краток преглед на причините врз основа на кои се одбираат алтернативите;
- состојба на животната средина без имплементација на планот;
- план за мониторинг на животната средина.

Целите на овој УП вон опфат на урбанистички план, кој претставува основен развоен документ, се да ги утврди параметрите потребни за издавање на локациски услови. Воедно тој треба да ги даде и насоките за изработка на архитектонско- урбанистички проекти за специфична наменска употреба на земјиштето, како и идејни и главни проекти за објектите и инфраструктурните градби за истиот.

Главна цел на планскиот документ е развој, организација и користење на просторот со што се овозможува поголема атрактивност на просторот, како значаен услов за раст на економијата и стандардот на живеење на луѓето, но при тоа да се обезбедат услови за заштита на вредностите во медиумите на животната средина.

Иницијативата за градење на овој комплекс на предложената локација е во насока на реализација на планскиот концепт за интегрален и децентрализиран развој на градот и општината.

Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори дава можност за реализација на планираните намени, односно содржини, кои се во интерес на општина Куманово, но и пошироко.

Изградбата на предвидениот комплекс, ќе претставува придонес во остварување на естетско-композициско уредување на просторот и рационално користење на земјиштето, со поддршка

на развојот на други комплементарни дејности во општина Струга. Но, согласно определбите на Просторниот план на РМ за рационално користење и заштита на просторот, идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната средина.

Реализација на планскиот документ ќе резултира со можност за привлекување на странски капитал, директни економски ефекти и подобрување на социо- економската клима.

Во површини за градба каде со проектна програма ќе се предвиди потреба од градба на неколку одделни објекти задолжителна е изработка на архитектонско- урбанистички проект Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и Сл. весник на РСМ бр. 111/23) со кој ќе се утврдат сите поединечни површини за градби. Нивната вкупна развиена површина е потребно да се усогласи со сите нормативи од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат од имплементација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга, се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идните бенефиции, односно позитивни влијанија.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина ги зема предвид влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина со имплементација на предвидената планска документација во поширок обем. Додека пред изградба на поединечните објекти, кои влегуваат во состав на локацијата, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативната фаза на објектот, согласно глава XI од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22) - Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти или согласно член 24 од истиот Закон.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина ќе бидат елиминирани или ефективно намалени доколку при изведбата на овој комплекс се применат мерките, дефинирани во планската документација за изградба на објектот, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните студии за оцена на влијанијата врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина, од изградбата на посебните објекти. При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор за најдобро избрано решение за намена на локацијата, од аспект на економска оправданост, финансиски можности и заштита на животната средина.

Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неатрактивно земјиште да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија.

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти. Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина.

Исто така, Планот за мониторинг овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на УП вон опфат на урбанистички план, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на УП вон опфат на урбанистички план.

Бенефитот од спроведување стратегиската оцена на животната средина е:

- флексибилност;
- консензус во процесот на планирање;
- интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- меѓусекторска соработка;
- земање во предвид на регионалните потреби и цели;
- конзистентност со стратешките определби за одржлив развој.

Доколку сите согледувања дадени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина бидат земени во предвид и имплементирани во Урбанистички план вон населено место, ќе се избегнат сите несакани последици, што значи ќе се заштеди време и пари што е само дел од целите на стратегиската оцена на животната средина. Исто така ќе се обезбеди заштита и одржлив развој на ресурсите, заштита на медиумите во животната средина и здравјето на луѓето. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина содржи вистинити и реални информации во простор и време, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво.

11. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА

12. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Техничка документација поврзана со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3- семејни куќи за времен престој- викенд куќи на КП 2001/1 и КП 2000/1, КО Мислешево вон град, општина Струга;
2. Втор национален еколошки акционен план на РМ, 2006;
3. Национална стратегија за одржлив развој, 2009;
4. Националната стратегија за биолошка разновидност, 2004;
5. Стратегија за управување со отпад во Република Македонија 2008-2020;
6. Националниот План за управување со отпад, 2009-2015;
7. Стратегија за мониторинг на животната средина 2004;
8. Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2003;
9. Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција 2005;
10. Национален здравствено- еколошки акционен план (НЗЕАП, 1999);
11. Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

ПРИЛОГ 1: МИСЛЕЊЕ ОД МЖСПП ЗА ПОСТАПКА ЗА СОЖС

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Примено: 27. 11. 2024
Орг.единица / Njës. organizative: 12-
Еден. Број / Numër: 3314/2
Прилог / Shtesa:
Вредност / Vlera:

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-1711/2024
Дата/Data: 22-11-2024

До: Општина Струга
Плоштад Мајка Тереза бб.
6330 Струга
Република Северна Македонија

Deri te: Komuna e Strugës
Sheshi Nënë Tereza p.n.
6330 Struga
Republika e Maqedonisë së Veriut

Предмет: Известување
Врска: Ваш арх.бр.12-3314 од 03.09.2024 год.

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. juaj ark. 12-3314 nga data 03.09.2024

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-1711/2024 од 05.09.2024 год., поврзано со постапка за носење на планска документација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП бр. 2001/1 и КП бр. 2000/1, КО Мислешево вон град – Општина Струга, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. 12-3314 од 03.09.2024 год. и Формуларот бр. 12-3314 од 03.09.2024 год., Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Në lidhje me kërkesën tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. UP1-15-1711/2024 nga data 05.09.2024, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Projektin urban jashtë zonës së planit urbanistik me destinim A4.3 – Shtëpi familjare për qëndrim të përkohshëm – shtëpi për fundjavë në PK nr. 2001/1 dhe PK nr. 2000/1, KK Misleshovë jashtë qytetit – Komuna e Strugës, ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për realizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 12-3314 nga data 03.09.2024 dhe Formulari nr. 12-3314 nga data 03.09.2024, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Зарије Абази/Zarije Abazi, помлад соработник/bashkëpunëtor i ri
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска, помошник раководител на сектор/ndihmës udhëheqës i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqës sektori

Одобрил/Miratoi:Resmi Ejupi/Ресми Ејупи, Државен секретар/Sekretar shtetëror
Согласен /Me pëlqim të: Недим Рама/Nedim Rama, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit
Согласен /Me pëlqim të: Хусамед Агушовски/Husamed Agushovski, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë se Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk